# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 ноември 2000 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев и Љатиф Пајкоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

Моментално на седницата присуствуваат 86 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуството мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Како што ви е познато господинот Глигор Бишев поднесе оставка на функцијата заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија.

Констатирам дека на Глигор Бишев со поднесувањето на оставката му престанува функцијата заменик на гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесат изменувањата и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот ви е доставен.

Молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овие изменувања и дополнувања на Буџетот.

Има збор господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал накратко да ја образложам итноста за барањето за свикување на оваа седница и ставање на дневен ред на точката за ребаланс на Буџетот, односно измени и дополнувања на Законот за Буџет за 2000 година.

Како што сте, веројатно неофицијално запознаени и оваа година е остварен вишок на приходи од она што беше предвидено, за кои што Владата заеде став одреден дел од тој вишок да потроши до крајот на оваа година, односно на некој начин да го врати во стопанството.

Бидејќи периодот што претстои до оваа година е краток и потребно е за трошење на некои средства да се отворат тендери и да се водат законски процедури, ценевме дека е добро да се свика што е можно поитна седница, по скратена постапка, по итна постапка за да се утврди ребалансот во парламентот, доколку тоа го утврди и да може потоа да се има повеќе време за трошење на овие средства.

Второ, оваа година имавме реконструкција на министерствата, како број на министерства при што имаше нужност од еден ребаланс, а секако одредени министерства имаат потреба од дополнителни средства, а други министерства имаат вишок, непотрошени средства, така што добро е тие да се прераспределат. Меѓутоа, главната итност е заради првиот фактор заради тоа што времето одминува, времето лета и останува многу малку време за трошење на овие средства од страна на буџетските корисници.

Се надевам дека ќе биде прифатливо за вас ова образложение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот министер за финансии во врска со објаснувањето за основаноста и неодложната потреба од итно донесување на овие изменувања и дополнувања на Буџетот.

Според Деловникот, Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

(Господинот Миланчо Черкезов бара збор процедурално).

Процедурално ќе ви дадам збор после, откако го утврдиме дневниот ред.

Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласа "за", 15 "воздржани" и 10 "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Со оглед на карактерот на прашањето што се предлага да се разгледа на оваа седница, предлага дневниот ред да не се дополнува со други точки, со едно објаснување кое што сум должен да го дадам.

Имено, во писмена форма добив барање од страна на господинот пратеник Стојан Ковачевски, Владата да подготви информација во врска со Охридското езеро. Тоа барање го поддржаа и група пратеници, скоро од сите пратенички групи, доставено е до Владата и таа информација се надевам дека Владата ќе ја подготви и ќе ја разгледаме на првата наредна редовна седница. Со оглед дека ова е итна седница, јас упатувам повик до Владата за наредната редовна седница да ни подготви информација околу состојбите со Охридското езеро.

Дали господинот Ковачевски е задоволен со ова?

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Миланчо Черкезов побара збор.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија, почитувани министри.

Денес на дневен ред е поставено прашањето за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година, ако се има во предвид дека се работи за законски проект од извонредно економско, политичко, социјално, образовно, културно и здравствено прашање на земјата, ако се работи за проект кој ги засега сите граѓани на Република Македонија и стопански субјекти во Републиката и на крајот ако се работи за законски проект кој вреди 1.900.000.000 ДЕМ, донесувањето на ваков проект по итна постапка, а материјалот го добивме сношти, треба да решаваме денес, мора да се констатира дека тоа е најмалку сериозно.

Тоа е уште еден доказ за начинот на работењето на Владата на РМ, односно Министерството за финансии. Тоа покажува дека Владата работи ниту транспарентно, ниту ажурно и ефикасно, а без таква работа таа не може да биде контролирана.

Од напред изнесеното, во интерес на сите граѓани на РМ, барам оваа точка од дневниот ред да се одложи за вторник, за да можеме ние пратеници да добиеме уште малку време за разгледување на овој материјал, кој е од битно и суштествено значење за РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Черкезов, сакам да ве известам дека вашето прашање не е процедурално, бидејќи Парламентот се произнесе по итноста за ова прашање дека треба да се постави денеска, дека е итно и затоа ќе расправаме.

Според тоа, не можам да ви го прифатам предлогот да се одложи точката. Веќе гласавме. Ние процедурално по Деловникот не се произнесуваме, освен претставникот на Владата.

Повелете Черкезов, имате право.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, мојот предлог е да се повлече точката за во вторник.

Вие не ми дадовте збор пред да се гласа.

Јас реков дека процедурално барам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие вашиот предлог го дадовте, а ние уште не сме го усвоиле дневниот ред. Ние ќе гласаме и за дневниот ред. Ние гласавме за итноста. Итноста ја утврдивме дека е потребно денеска да се расправа, а кога ќе го утврдуваме дневниот ред, тогаш можеби пратениците и да го прифатат вашето мислење.

Молам, предлогот на дневниот ред го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

60 пратеници гласа "за", 19 "воздржани" и 9 "против".

Според тоа констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот ви е доставен.

Отворам претрес.

Експозе по предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски. Повелете.

Има збор господинот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, малку е невообичаено претседател на Влада да дава експозе за ребаланс на Буџетот во државата, меѓутоа мора да кажам дека овој ребаланс на Буџет навистина е онаа точка каде што може да ја погледнеме целата економска политика на оваа Влада, не само за една година, за две години, а и самата големина на ребалансот кој изнесува околу 500 милиони германски марки, ни го дава тоа право навистина да се појавам како прв говорник на оваа тема.

Последниот мој настап во Македонскиот Парламент, вие се сеќавате добро дека изнесов една цифра за која јас сметав дека е радосна, меѓутоа потоа некој ја протолкуваа како жална и најверојатно е така дека македонскиот Буџет и Македонската влада има суфицит од околу 200 милиони германски марки. Денес, после ми се чини три месеци морам пред сите вас одговорно да кажам дека таа цифра веќе е нова. Ние во Република Македонија, во нашиот Буџет имаме суфицит некаде околу 400 милиони германски марки. Заедно со заштедите и неупотребените средства, потставки од веќе утврдениот Буџет, значи ребалансот за кој ќе зборуваме денеска е околу 500 милиони германски марки, при што повторно ќе потсетам новосоздадената вредност е околу 400 милиони германски марки или поточно 13.777.000.000 денари.

Нормално, ние имаме најразлични анализи во Македонија, дали е убав тој суфицит, дали не е добар тој суфицит, меѓутоа, јас навистина сметам ако во оваа држава се случува нешто после 45 години за прв пат, прв пат Република Македонија и нејзините граѓани да можат да чујат дека нивната Влада со домаќинско работење остварила суфицит и него го става во предмет на дискусија во ребалансот и тој суфицит не само што не е мал, туку како што можете да видите, станува збор за една енормна, огромна бројка. Имено, јас само ќе споменам дека планираниот Буџет за оваа година беше околу 51.000.000.000 а со ребалансот доаѓа до 64.771.000.000, значи 27% имаме нафрлање над планираниот буџет за оваа година.

Меѓутоа, кога зборуваме за суфицит на Буџет треба да одговориме на сите анализи кои се појавија деновиве и од политичари и од новинари дали е добро или не е добро за една држава да има суфицит, но исто така да одговориме и на прашањето врз основа на што е настанат тој суфицит.

Во таа насока„ јас најпрво ќе почнам со севкупната макро финансиска сфера во која е настанат овој суфицит.

Имено, ние не зборуваме за резултатите на оваа Влада само преку суфицитот од 400 милиони германски марки, туку тој суфицит оди паралелно, заедно со уште неколку квалитетни податоци.

Имено, зголемувањето на девизните резерви на нашата земја од почетокот на оваа година до денес, во исто време додека е остваруван и суфицитот е некаде над 100 милиони германски марки, плус. Заедно со минатата година можеме да кажеме дека до крајот на оваа година за две години ќе ги дуплираме девизните резерви што ги наследивме кога дојдовме кон крајот на 1998 година.

Меѓутоа, има уште еден интересен податок. Оваа Влада во овој период, од 1 оваа година до денес има вратено 122 милиони долари странски долгови. Во последните три месеци севкупното задолжување на РМ е паднато за 58 милиони долари. Имено, во овој момент надворешниот долг на РМ е 1.395.000.000 долари, или 3 милиони долари помалку од крајот на 1998 година кога оваа Влада ја наследи политиката на водење на економијата во оваа држава. Значи, не само за овој суфицит, туку за овие две години можеме да кажеме слободно дека севкупното задолжување на оваа држава сме го намалиле за 3 милиони долари. При тоа, сме вратиле 155 милиони долари странски долгови минатата година, 122 милиони долари странски долгови оваа година и до крајот на оваа година ќе вратиме околу 200 милиони долари странски долгови без еден долар задолжување на идните генерации кои доаѓаат после нас, или ако сакате идната влада која можеби еден ден со успех ќе не наследи.

Во таа насока ќе споменам дека се скоро дуплирани девизните резерви, имаме пораст на бруто националниот доход од околу 10% за првите 6 месеци, што е гаранција дека тоа враќање на долговите не се врз база на нов товара на македонската економија, туку едноставно тоа се тие извори кои постоеја во Македонија, а кои оваа Влада со крајно домаќинско работење ги извлече и ги покажува денеска како резултат.

Меѓутоа, да одиме понатаму, да се задржиме само на самиот суфицит.

Има теорија дека било добро државата да има буџетски дефицит. Јас на прашањето дали е добро или не е добро, ќе го проанализирам со работењето на претходната влада која во периодот некаде од 1991 до 1996 година имаме перманентно буџетски дефицит, тој буџетски дефицит кој толку многу го фалат многу познавачи на економијата, меѓутоа во исто време мора да кажеме дека Владата го остваруваше тој континуиран дефицит во Буџетот и платниот биланс, а за нивно финансирање се задолжуваше во странство, зголемувајќи го во истиот период надворешниот долг од 20% од бруто домашниот производ на преку 43% од истиот тој бруто домашен производ. Значи, точно е дека имало дефицит на Буџетот, меѓутоа имаме скоро двојно зголемување на надворешниот долг на Република Македонија. Значи, во таа насока колку е добро да се има буџетски дефицит, или е лошо да се има буџетски суфицит, токму дава одговор за работењето на претходната Влада каде што заедно со буџетскиот дефицит одело и драстичното зголемување на надворешните долгови на нашата земја и го има имаме примерот на оваа Влада, каде имаме и суфицит на македонскиот Буџет, меѓутоа имаме и драстично, односно историско намалување на долговите на нашата земја спрема странство, меѓутоа и внатре во земјата.

Во таа насока ќе споменам уште една интересна цифра. Имено, ние сега со ребалансот на буџетот за оваа година ќе имаме за 22 милијарди повисок Буџет од 1998 година, 1998 година постојано ја цитираме како некој репер, не заради друго, заради тоа што се смета дека во оваа деценија е најдобрата година, а во исто време тоа е и најдобрата година од работењето на претходната влада. Значи, во овој момент ние имаме зголемување од 22 милијарди споредба Буџет 1998 година и 2000 година, односно фантастични 51% поголемо остварување на буџетот 2000 година од буџетот 1998 година. Независно од сите критики што ги добиваме, јас сите критичари ќе ги повикам да одговорат на едно прашање. Ако ние имаме 51% зголемување на Буџет во споредба 1998 - 2000 година, сигурно дека мораме да дадеме и одговор од каде е сега овој суфицит во Македонската Влада и во македонската економија. Има одговори на прашањата.

Прво, или 1998 година сивата економија во оваа држава, шверцот, организираниот криминал бил толку голем и ние сега правиме елиминација со 51% зголемување на тој шверц и сива економија, или пак сите критичари мора отворено да признаат дека цифрата која постојано се искажува во статистика, дека националниот доход на оваа земја е пораснат за 10,4% е реалност. Најверојатно одговорот на вистинското прашање е некаде во средината. Половина од едното, половина од другото. Суфицитот се должи и на огромното уништување, односно огромните резултати во борбата со сивата економија и во исто време во тој суфицит се внесени и резултатите од развојот на оваа економија која ни се случува од почетокот на оваа година до денеска.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Навистина јас би сакал да слушнам од најголемите критичари од каде сега одеднаш тие пари паднаа во Македонската економија и тоа не се два или пет милиони марки, туку 400 милиони марки. Значи, нешто се случува во овој период 1998 - 2000 година сериозно штом ние сега во овој момент разговараме за тие фамозни или фантастични 400 милиони марки. Повторно ќе кажам, ќе повторам, или 1998 година сме имале страшна сива економија во нашата држава, или пак навистина развојот на оваа држава е резултат кој го гледаме и преку математиката на бројките.

Втората полемика која произлегува од тоа зошто суфицит, каков суфицит, тезата што ја промовираат Стопанската комора и некои наши критичари. Имено, дека суфицитот на Буџетот е заради новите товари на Македонската економија. Почитувани пратеници, таа теза и тој напад многу лесно се брани и има многу лесни аргументи. Прво, затоа што ако ги погледнеме изборите на суфицитот, ќе видиме дека тие произлегуваат во најголем процент од успешноста на ДДВ во нашата земја, што не е економски товар туку елиминација на сивата економија. Тоа е

суштинската цел на ДДВ. Вториот момент е од средствата и приливите од приватизацијата и третиот момент е од странските донации кои, најголем дел од нив, ги очекуваме до крајот на годината.

Во таа насока, ние можеме слободно да кажеме и најаргументирано да одговориме дека овој суфицит најмалку е направен на товарот на Македонската економија, затоа што ниеден друг сериозен данок не е поместен од своето место во овој период, освен ДДВ, а што не значи и што не дава одговор на ништо друго освен дека се работи за пресметка, сериозна борба со сивата економија во нашата држава. Резултатот го имаме пред нас во многу јасни и конкретни бројки.

Меѓутоа, ова е малку околу оној дел од каде овој суфицит и аргументите за овој суфицит, дали е потребен или не е потребен и што да правиме со овој суфицит. Во таа насока, морам да кажам дека програмата односно ребалансот на буџетот што го имате пред вас, е досега можеби единствената конкретна понуда на трошење на средства во Македонската економија, каде неможеме да видиме ниту една бирократска програма, туку имаме многу конкретни точки кои треба прво да вратат сериозни долгови на Македонската држава, на Македонската Влада и на економијата што ние ја наследивме, а во исто време да заштитат за прв пат широки интереси на структури кои се заинтересирани тие долгови да им бидат вратени.

Покрај тоа што го имате ребалансот и покрај што за прв пат Министерството за финансии настапува во медиумите поради транспарентност на ребалансот на Буџетот, јас ќе спомнам и ќе се задржам накратко за што ќе биде употребен овој ребаланс на буџетот, при што уште еднаш ќе потенцирам, почитувани пратеници, кога ќе зборувате за ребалансот на буџетот, секогаш имајте предвид една работа, дека зборуваме за распределба на ново создадена вредност во оваа држава, непланирана вредност во оваа држава, нешто што со многу работа, многу домаќинско однесување денес можеме како екстра да го поделиме на македонските граѓани или пак да го употребиме во враќање на конкретни долгови, со што да им помогнеме на генеравиите кои доаѓаат после нас. Да се задржам на тоа за што ќе биде употребен овој ребаланс.

811 милиони денари односно околу 26 милиони марки за програмите "Намалување на сиромаштијата", директно подготвени со светската банка. На тој начин, средствата ќе бидат поделени меѓу министерствата за труд и социјална политика, здравство, образование и Агенцијата за неразвиени подрачја, при што ќе ја имаме досега најголемата програма на финансирање на проекти во здравството, за конкретно подобрување на сиромаштијата, образованието со ова репрограмирање, 70 училишта ќе бидат реконструирани во нашата држава. и конечно, употреба во неразвиените подрачја, значи нови вредности на локални патишта и водовод и канализација.

Понатаму, една милијарда 646 милиони денари односно околу 53 милиони марки ќе им бидат вратени на старите девизни штедачи. Заедно со тоа ќе биде исплатена и првата камата, околу 13 милиони марки, при што морам да кажам дека со овој ребаланс со новото враќање на старото девизно штедење, заедно со претходните 3% и заедно со претходната рабата до 50 евра што ја исплативме во првата половина на оваа година, вкупниот износ кој го плаќаме за старо девизно штедење во една година само ќе достигне 110 милиони германски марки. Тоа го правиме од следните причини: Да им го вратиме цврстото доверие на граѓаните на РМ на старите девизни штедачи дека оваа држава има сериозна намера да ги исплати нивните долгови. Ние донесовме еден закон кој можеби на нив не им беше прифатлив во прв план, меѓутоа со овој ребаланс потврдуваме дека одиме со плус 110 милиони марки од кој закон, со кој им гарантираме дека нивните девизи ќе бидат враќани. Вредноста на ова враќање е што е во кеш, 100%, без дисконти и на тој начин тие само за оваа година ќе можат да си повратат 10% од своите штедни влогови. Идната година ако имаме суфицит ќе одиме со уште позабрзано темпо.

Понатаму, 369 милиони денари се дава за заостанатата плата на невработените граѓани во нашата држава. Со тоа платите на невработените стануваат тековни. Само да потсетам, кога дојдовме 1998 година, платите на невработените беа со 6 месеци задоцнување. Со овој ребаланс платите на невработените стануваат тековни, без ниедно задоцнување на платите.

Понатаму, 302 милиони денари за социјалните фамилии во РМ. Да потсетам, кога дојдовме како Влада пред две години, социјалните примања на фамилиите кои го исполнуваа тој услов беа со задоцнување од четири месеци. Со овој ребаланс долгот се испеглува и тие стануваат тековни.

454 милиони денари за пензионерските 8%. Со тоа пензионерите добиваат и буџетска гаранција дека она што го ветивме и го оствaруваме, нивните 8% кои беа со задоцнување од пет години стануваат реалност, односно враќањето на долгот на државата, независно од тоа што го направи Владата на СДСМ, оваа Влада на актуелната коалиција ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА е одговорна и за долговите на нашите претходници и ние не можеме да бегаме од тие долгови. Очигледно ќе мораме да ги враќаме, а јас се надевам дека Македонските пензионери ќе знаат тоа да го ценат од својата страна.

372 милиони денари заостанати неплатени обврски на буџетските институции, тоа е еден мал дел директно плаќање на Македонската економија. Тука има и мала компензација за оние што се залагаат поголем дел од тој суфицит директно да биде вратен во економијата. Овде го оствaруваме со мала програма и ова.

139 милиони денари исплаќање на долговите спрема детскиот додаток. Само ќе потсетам, кога оваа Влада дојде пред две години, заостанувањата на надоместоците за детски додаток беа девет месеци. Со овој ребаланс долговите спрема детските додатоци стануваат тековни, значи немаме веќе, девет месеци се исполнети и детскиот додаток станува тековен.

250 милиони денари обврски кон ДДВ, тоа е исто така предвиден износ затоа што добивме поголеми инвестиции од Меѓународната заедница, така што ДДВ го преземаме на среќа на буџетот.

Мораме да кажеме дека во таа насока тука враќаме и еден мал дел од долговите од Законот за вработување кој беше донесен од претходната Влада, меѓутоа се сеќавате дека тој беше донесен во времето на предизборната кампања, така што долговите еве сеуште ги плаќаме. Се сеќавате, тоа беше фамозното вработување на македонските граѓани кое беше направено неколку месеци пред изборите 1998 год, меѓутоа најверојатно планирајќи дека наредната Влада ќе ги плаќа и тие долгови.

Конечно, доаѓаме до 1 милијарда 847 милиони денари кои директно ќе одат во Народна банка, за да од таму бидат пласирани како кредити, верувам со помала камата и верувам во соработка со банките во РМ, затоа што им се овозможува само до крајот на оваа година да пласираат во Македонската економија 1,3 милијарди денари кредити директно на фирмите во нашата држава.

Конечно повторно уште еден долг, 31 милион марки плаќање на обврзниците за идната година кои се преземени од оваа држава за санација на Стопанска банка од 1996 и 2000 година. Значи, долговите повторно правени од еден претходен период кои ние како држава гиземаме како санација, сега ги плаќаме предвремено за да се ослободи од идната година буџетот на нашата држава за еден сосема друг простор.

Конечно, доаѓаме до 48 милиони денари за буџетот за хендикепирани лица и спортисти во нашата држава.

Згора на тоа, ќе кажам дека некаде околу 7 милијарди и 803 милиони денари ги одвојуваме од овој Буџет од едноставна причина што тешко можеме да ги потрошиме за овие два месеци, за враќање на надворешни долгови, затоа што сакам да укажам дека идната година не очекуваат околу 170 милиони долари враќање на странски долгови. Мене ми е жал што овој парламентарен состав и оваа Влада се погоди со трите рекордни години на враќање на странски долгови, и тоа минатата година на 155, оваа година 212 и идната година некаде 170 - 180 милиони долари, така што ако го издржиме овој удар на враќање на странски долгови, не само што ќе си помогнеме самите на себе, туку верувам дека ќе ги растовариме сите идни генерации кои доаѓаат во оваа држава.

И конечно, дел од тој вишок односно суфицит ќе биде употребен за она што сите ние многу долго време го очекуваме и посакуваме. Имено, во овој момент можам најодговорно да ви ветам дека ја добивме долгоочекуваната потврда од страна на ММФ и Светската банка, нешто за што зборуваме две години, меѓутоа очигледно требаше прво да покажеме резултат па да ни биде одобрено. Имено, веќе во овој момент можам да најавам дека до крајот на оваа година во Македонскиот Парламент ќе одат очекуваните закони од сета Македонска економија, драстичното намалување на персоналниот данок во РМ. Не сакам да зборувам за бројки, затоа што ни треба конкретниот договор, меѓутоа, можам само да најавам драстично намалување на персоналниот данок, кој верувам дека ќе стапи од први јануари наредната година. Со ова драстично намалување на персоналниот данок мислам дека ние ќе оствариме два големи ефекти, директно ќе и помогнеме на целата Македонска економија и ќе овозможиме една огромна маса на непријавени вработени во нашата држава да го добијат своето вработување. Тоа е повеќе од

сигурно затоа што потврдата ја имаме веќе добиено, а исто така можам да кажам дека веќе имаме и потврда за намалување на сериозни ставки во ДДВ. Ќе спомнам само една, иако се преговара и за други можности, но повеќе од сигурно е дека земјоделството со исклучок на механизацијата ќе оди од зголемената стапна на ДДВ на повластената односно бенефицираната стапка на ДДВ, така што тоа е уште една помош на Македонската економија.

Гледајќи го овој ребаланс на Буџет, јас ќе спомнам една работа. Се отворија многу дискусии околу ребалансот како треба да бидат потрошени овие средства. Се отворија тие дискусии во рамките на самата коалициона Влада, се отвораат во јавноста, а верувам дека и Македонскиот Парламент ќе ги отвори тие дискусии, односно, дискусиите се на тема дали овој ребаланс треба да се искористува само за враќање на долгови или не е подобро да речеме на некој начин директно да го внесеме во македонската економија. Ако треба да го кажам моето лично мислење, најверојатно ќе се согласам со сите оние критичари и во рамките на нашата коалиција и во јавноста дека ние ќе имаме поголема корист ако речеме дека средствата што треба да ги вратиме за старите девизни штедни влогови, кои треба да речеме после година ипол да се дадат, да чекаме тогаш да се дадат, а сега тоа да го употребиме за економијата, дека е покорисна работа за нас отколку ова што сега ние го нудиме. Истото тоа можеме да го анализираме за секоја ставка дали некој долг треба да почека три месеци, а сега тоа да го ставиме во македонската економија. Одговорот на сите тие прашања е, се согласувам со сите тие критичари, меѓутоа, јас сакам да спомнам.

Од друга страна, ако го погледнеме Буџетот, односно ребалансот на Буџетот, јас ќе се согласам и морам да ви укажам на една друга работа. Никогаш во оваа држава вие не сте виделе полев и посоцијалистички ребаланс на Буџет. Погледнете ја структурата, се работи само за долгови и за враќање на структури кои се социјални или економски на некој низок степен на развој. Значи, никогаш во оваа држава немало полев, посоцијалистички модел на ребаланс на буџетот во оваа држава. Со тоа уште еднаш се докажува правилото дека левите сили многу зборуваат за социјалните права, ама централно десните се тие кои ги покажуваат резултатите и конкретно ги завршуваат работите.

Меѓутоа, кога сме кај прашањето како да го употребиме ребалансот на буџетот ќе спомнам уште една работа. Не е само таа состојба што навистина секој крупен економски момент, вклучувајќи го и ребалансот на буџетот, мора да биде со силна координација на меѓународните финансиски институции. Ако ние го правиме тоа самостојно, јас ве уверувам дека овој ребаланс ќе изгледаше на многу поинаков начин. Меѓутоа, ние го правиме тоа во координација со ММФ и Светската банка до едноставна причина, што оваа Влада кога дојде наследи огромни задолжувања од разни институции. Да не заборавиме дека основниот мотив и основната цел на ММФ и Светската банка, кои не го кријат е враќање на долговите и ние со овој ребаланс ја оствaруваме целта на ММФ и Светската банка, ја завршуваме нашата задача на враќање на разни долгови кои за жал се останати од разни претходни влади и се собирани пред оваа Влада сега, а сметките ги плаќаме ние.

Во таа насока јас само можам да кажам уште една работа. Пред неколку месеци спомнав дека имаме ветувања од ММФ, ако продолжиме со ваквото темпо на покажување резултати, ова ќе биде последниот тригодишен финансиски аранжман кој ќе и треба на Македонија со ММФ, а со Светската банка веројатно ќе ни треба подолго.

Јас денес ќе бидам одговорен да ви кажам, ако ние идната година го повториме овој резултат на макро финансиски план за нашата држава, веќе идната година нема да имаме потреба од аранжман со ММФ. Тоа е најголемата цел и најголемиот подарок кој една Влада може да го даде на својот народ и на својата економија. И уште еднаш само ќе коментирам, ако се работи за популизам, ние можевме десет други начини да употребиме во овој ребаланс, за да задоволиме уште повеќе структури во оваа држава. Меѓутоа, ние стратешки работиме многу долгорочно. Со овој ребаланс на буџетот го покажуваме фактот дека многу сериозно со овој Буџет ние не си помагаме на нас самите, односно си помагаме на нас самите за идната година, а најмногу им помагаме на стратегијата на развој на нашата економија во период од идните 10 години. Затоа што ќе повторам со овој ребаланс правиме историски висок момент на враќање на долговите на нашата економија по било која основа.

Еве, почитувани пратеници, ова е што сакав да го проанализирам и да го дадам како вовед во поглед на големите

дискусии кои се одвиваат овие денови за суфицитот на Буџетот на Владата на Република Македонија, ребаланс кој вие треба да го потврдите и кога ќе ја донесувате одлуката и вашите дискусии, незаборавете една работа, дека овој суфицит морате да го гледате од 400 милиони марки, заедно со бројката дека од почетокот на оваа година 100 милиони долари се покачени нашите девизни резерви, вратени се 3 милиони долари странски задолжувања пред она ниво кое ни го остави претходната Влада. Во исто време е остварен пораст на националниот доход, бруто националниот доход од 10% и дека сето тоа е во рамките на еден преуспешен економски резултат. Секој има право да го негира тоа, меѓутоа, бројките се јасни и децидни и тие остануваат да зборуваат се.

Конечно, немојте да заборавите дека некој со своето домаќинско работење овозможил овие 400 милиони германски марки денес да ги поделиме како екстра пари во македонската економија. Благодарам. (Аплауз во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Љубчо Георгиевски за воведните напомени во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, го слушнавме излагањето на премиерот на Владата на РМ. Во името на Пратеничката група на ВМРО – Вистинска Македонска Реформска Опција, барам да ги добиеме стенографските белешки и два часа пауза за да можеме да се вклучиме во расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Секоја пратеничка група има право на пауза.

Давам пауза од 1 час.

(Паузата отпочна во 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,40 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници продолжуваме со работа по првата точка од Педесет и осмата седница, односно расправаме по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Претресот во начело е отворен.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, јас сакам да земам учество во расправата по ребалансот на Буџетот, иако немав намера да бидам прв.

Прво, сакам да протестирам за процедурата. Ние вчера попладне го добивме Предлогот за ребаланс на Буџетот, а денеска го разгледуваме. Навистина, немавме време за да можеме опстојно да го разгледаме и да се консултираме со стручни луѓе и да дадеме свој поголем придонес во денешната расправа.

Второ, ако е потребен дијалог во ова Собрание, потребен е врз основа на овие законски проекции, а за тоа треба да создаде услови Владата, односно мнозинството. За жал, и денеска тоа се повторува, да речам со едно насилие, денеска да се донесе и ребалансот на Буџетот.

Трето, околу обемот на Буџетот, тоа го изнесе премиерот дека по планот се зголемува за 27% од планираното за оваа година, тоа значи некаде околу 440.000.000 марки, во однос на 1998 година, зголемувањето изнесува околу 55%, што значи некаде околу 740 милиони марки повеќе приходи во Буџетот во однос на 1998 година.

Кога ова би се квантифицирало по граѓанин, значи дека граѓаните во 2000 година, од својот Буџет преку даноците плаќале, во однос на 1998 година, по околу 360 германски марки.

Во кампањата за парламентарните избори во 1998 година беше најавено и беше ветувано на граѓаните дека во првата година, ќе има намалување на даноците за 17%, а тоа значи дека ќе има и за толку помало зафаќање од граѓаните.

Меѓутоа, за жал, наместо да се остварува намалување, ние повеќе во текот на оваа година, на секој граѓанин во Република Македонија, по основ на зголемени цени му одземаме некаде околу 350 германски марки, од домашниот буџет. Како тоа го остварува оваа Влада? Мислам дека го остварува по основ на осиромашување на населението, но граѓаните од една страна и од друга

страна осиромашување на стопанството. ДДВ е една од полугите преку која се остварува зголемувањето на приходите во Буџетот. Меѓутоа, во поранешниот систем, на системот на данок на промет, имавме многу ослободувања. Денеска со ДДВ, тие ослободувања ги немаме и сакам малку да прокоментирам по кој основ овие приходи се остварени. Нафтените деривати доживеаја дупло зголемување на цената оваа година, а нафтените деривати во изминатиот систем нема данок на промет, бидејќи постоеше акциза. Сега ако се земе прометот на нафтените деривати во оваа година, јас набрзина успеав да пресметам, веројатно е точно, значи по тој основ Владата има поголеми приходи меѓу 120 и 150 милиони германски марки, само по основ на нафтените деривати.

Вториот основ е телефонските услуги. Ако приходите во Телеком изнесуваат некаде околу 700 до 800 милиони марки и ако 19% се наплатува, а порано не се наплатуваше, значи имаме и по тој основ некаде околу 80 милиони марки приходи од граѓаните и од стопанството, кои се прелеваат во Буџетот. Струјата се зголеми некаде 60 до 70%, на струјата не се плаќаше данок на промет, сега имаме ДДВ. По тој основ се зголемуваат приходите. Јас точно незнам, меѓутоа, не се помалку од 50 до 60 милиони марки.

Комуналните услуги исто така. И ако тоа се земе предвид, тоа што имавме во поранешниот систем данок на промет ослободување, а сега имаме наплата на ДДВ, ќе дојдете многу лесно до бројката која се остварува оваа година. Значи, по тој основ ние вршиме осиромашување на граѓаните, осиромашување на стопанството, а го полниме акционерското друштво, Буџет на Република Македонија.

Што се однесува до сивата економија, мислам дека апсолутно немаме никакво намалување на сивата економија, бидејќи фирми, претпријатија, кои имаат помалку од еден милион, ми се чини денари, тие не пријавуваат промет во текот на годината, тие не пријавуваат ДДВ од една страна, а од друга страна погледнете ги пазарите, па ќе видите каква стока и колку се продава, според тоа мислам дека сивата економија апсолутно не е резултат за зголемување на Буџетот. На тоа ако се додаде дека во изминатиот систем за лебот не се плаќаше ниту данок на промет, ниту ДДВ, сега имаме 5%, а во Македонија треба да знаеме што е потрошувачката. Потрошувачката се нафтените деривати, големата потрошувачка е струјата, големата потрошувачка се телефонските услуги и лебот. Значи, по сите тие основи ние имаме зафаќање, а исто така тука е и градежништвото, кое порано не беше.

Јас уште би додал дека ја продадовме Стопанска банка, се продаде АД Осигурување Македонија, се продаде ФЗЦ Куманово, се продаде ОКТА и се создадоа приходи во Буџетот по тој основ и ние тие приходи, сето тоа што е создавано со години, ние денеска со овој Буџет ќе го потрошиме. А истовремено, ги превземаме обврските за идните генерации, тоа се, барем јас колку можам да ги проценам, не помалку од 300 милиони германски марки за обврските што ги имаше Стопанска банка, за обврските што ги имаше ОКТА, ги преземаме да ги исплаќаме во некој нареден период.

Јас малку сега ќе се осврнам околу тоа, каде се трошат овие пари.

Прво, мислам дека недозволиво е ние да се откажуваме од структурните реформи, а овде, од Буџетот бришеме една ставка, некаде околу 33 милиони германски марки, наменети за структурните реформи. И за реформите во јавната администрација околу 25 милиони германски марки. Значи, со тоа признаваме дека реформите во овие области не ни се започнати.

Ние имаме зголемување на платниот фонд, за околу 13,5 милиони германски марки, платите во администрацијата не се големи, меѓутоа, потребно беше да се оди со реформи во јавната администрација, не со зголемување на Буџетот во тој дел, туку со изнаоѓање решенија да се дојде до намалување на овие трошоци. Мислам дека тоа е една од основните задачи, која ни ја заведе Светската Банка.

Меѓутоа, наместо да се решаваат проблемите во јавната администрација, сега укинат е законот, кој беше предложен од страна на Владата и усвоен од страна на парламентарното мнозинство, го укина Уставниот суд, а тие луѓе сега се вратија на работа, а вие како Влада, како парламентарно мнозинство, наместо да се прави рационализација, вие на нивно место примивте нови луѓе и сега за тие нови луѓе, потребен е додатен фонд за плати. Значи одиме спротивно од потребата што ја имаме за реформи во оваа област. Изгледа дека Владата не гледа многу каква ни е состојбата во стопанството. Мислам дека

една од основните задачи на Владата е да создаде услови за поголемо производство и би рекол, поголема моќ на стопанството. Ние имаме зголемување на неликвидноста, во однос на 1998 година некаде за 80%, ако беше 18 милиони денари неликвидноста во 1998 година, сега имаме 32 милијарди. Ако погледаме како се вршат исплатите на плати во претпријатијата, претпријатијата некаде околу 40% не се во состојба редовно да ги исплаќаат платите и сега, ако имаме предвид дека имаме 315.000 вработени, од кои 114.000 се во администрацијата, кои примаат мала плата, меѓутоа редовна плата, ако имаме 120.000 кои не примаат плата и ако имаме уште 30-тина илјади вработени кои се во јавните претпријатија, значи остануваат некаде околу 50.000 вработени вон стопанството, кои примаат редовна плата. Зарем за овој проблем Владата не е заинтересирана да го решава.

Мислам дека еден од најголемите и најтешките проблеми, кои се многу долгорочни, тоа е проблемот на трговскиот дефицит, кој расте со невидена брзина. Ние имавме околу 409 милиони долари, ми се чини трговски дефицит, во 1998 година, минатата година имавме 609, а оваа година за осумте месеци имаме 530 милиони долари трговски дефицит, со тенденција да се дојде над 800 милиони долари.

Нам ќе ни треба господине премиере, уште многу, многу години ММФ и Светската Банка, за да го решиме проблемот на трговскиот дефицит, а не една година. Ако ние се ослонуваме на платниот биланс, кој денеска под други основи се полни благодарение на тоа што банкарскиот систем ни се полни во Косово не работи, многу фирми, многу претпријатија работат преку нашите банки и остваруваат одредени приходи овде, по основ на нерезидентни сметки, по основ на присуството на странски трупи овде. Тоа за нас не е долгорочно решение, тоа е краткорочно решение на платниот биланс и платниот биланс ќе ни дојде во сериозни проблеми, во оној момент, кога овие проблеми на другите страни ќе се решаваат.

Според тоа, мислам дека е неопходно Владата во оваа насока да размислува и да предлага решенија со Буџетот. Буџетот за Владата и за ова Собрание е едно од најосновните инструменти, со кои може да ги решава овие проблеми.

Второ прашање е прашањето на вработувањето. Ние веќе достигнавме поголем број невработени, отколку вработени. Ако со ова ниво на зафаќање во државата, мислам дека многу тешко, дури не можам да верувам, дека ќе можеме да направиме било каков скок за зголемување на вработеноста. Двата клучни проблема во економијата на Македонија, трговскиот биланс и невработеноста, овој Буџет кој денеска се предлага се контрапродуктивни. Значи ние долгорочно не одиме да ги решаваме проблемите во Република Македонија.

Мислам дека со овој Буџет, така како што рече и премиерот, го решаваме проблемот на социјалата, тоа е потреба и на ММФ да се решава прашањето на социјалата и ние исто така, не би биле против, меѓутоа, мора да се решава развојната компонента на Република Македонија. Без тоа, ние ако не годинава, до година ќе дојдеме во ситуација да не можеме да си ги решаваме проблемите.

Второ, мислам дека она што е за срамење, ние овдека се фалиме. Незнам дали некоја држава може да се пофали, ако приходите во Буџетот и растат од 30 до 40%. Тоа навистина, јас како граѓанин, како член на Парламентот би се срамел, ако до тој степен дојде до пробивање на Буџетот. Погледнете ни една транзициона земја нема суфицит во Буџетот. Западните земји имаат голем дефицит и сите се стремат кон намалување на својот дефицит меѓутоа, не да преминат во суфицит на Буџетот, што ќе значи 30 или 27% во однос на 1998 година, 51%, а тоа се создава само со одземање на средства на граѓаните и стопанството. Ако имаме намера "стопанството да ни цркне", а тоа е веќе тука "на врата" и имаме намера граѓаните до тој степен да осиромашуваат, во тој случај таа политика е исправна. Меѓутоа, мислам дека таа не е политика која е потребна за граѓаните на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски.

За учество во расправата за збор се јави господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани пратеници. Би се приклучил на претходниот дискутант кој кажа дека протестира во врска со денешната седница, бидејќи навистина не бевме во можност квалитетно да расправаме бидејќи материјалите ги добивме доцна синојка, требаше ноќеска

нешто да видиме, сабајле имавме комисии и од тие причини пратениците нема многу да бидат вклучени во дискусија, па ќе беше добро во рамките на можностите, Владата за ден, два, три да беше одложен овој ребаланс да можевме по квалитетно да расправаме и на комисии и на самата седница на Собранието. Но мислам тоа право е на претседателот на Собранието, тој ја закажа седницата за денеска и во тие рамки јас ќе се обидам накратко да кажам неколку збора во врска со Предлогот за донесување на ребалансот за оваа година по итна постапка.

Го слушнавме воведното излагање на премиерот, го добивме и во писмена форма и од тие податоци јасно се гледа дека во државата во оваа година за прв пат имаме еден суфицит кој не е така мал. Се работи за над 400 милиони ДМ или во наши денари околу 13 милијарди денари односно 27% од вкупниот Буџет предвиден за 2000 година. По мене, имаме голема отстапка од тоа што на почетокот на годината го планиравме и по мое длабоко убедување мислам дека или не бевме добри планери кога го планиравме Буџетот или знаевме некои работи, па така почнавме со еден рестриктивен Буџет кој на почетокот на годината имаше ребаланс односно дефицит за да за 10 месеци тој Буџет биде исполнет 100% и во овие 2 месеци ќе биде суфицит на Буџетот на Републиката.

Да бидам искрен теоријата може да смета дека е добро, но има теоретичари кои велат дека и суфицитот е лош, не е секогаш добра страна, бидејќи укажува дека едната рата која ја зафаќа буџетот била по развиена, отколку другата за трошење помалку развиена, така фигуративно да се изразам или сме биле многу стегнати во потрошувачката на почетокот на годината кога ги планиравме потребите во државата во буџетот за нивно покривање.

По мене главниот проблем, тоа беше на некој начин кажано и во воведното излагање на премиерот, освен домаќинското работење на Владата да го прифатиме дека домаќински се однесуваше во овие 9 месеци и покрај тоа немавме кој знае какви трошоци кои директно влијаат во зголемување на потрошувачката, но со донесувањето на Законот за ДДВ и најголемиот прилив во суфицитот е токму од ДДВ, од донациите што ги имавме и персоналниот данок некаде 500 милиони денари.

Овие три елементи се воглавно тие кои обезбедуваат еден ваков суфицит од 27% и веројатно ако направиме проста математика дека ДДВ е 19%, она 8% е резултат на домаќинско работење, на сивата економија, намалување на сивата економија што е присутна во Македонија и веројатно од ден на ден таа се намалува што е за поздравување. Мислам дека кога се донесе овој Закон имавме дискусии дека Владата требаше на време односно во месеците кои изминаа во од да ги корегира некои ставки, односно да пристапеше кон намалување на акцизите, бидејќи ние ништо не намаливме и на тоа се додаде ДДВ така што и населението и стопанството во голема мера беше оптоварено и затоа е овој суфицит, тие пари не се паднати од небо. Доколку пред два три месеци пристапивме односно бевме поеластични во оваа насока, веројатно немаше да се судриме со еден ваков голем суфицит и веројатно ќе придонесевме кон поурамнотежен Буџет, бидејќи Буџетот теоретски треба да биде урамнотежен. Секоја негова страна повеќе или помалку мислам дека не е добро решение. Но, тоа е тоа, мислам дека сега треба да се ангажираме и ние како пратеници и Владата како овој суфицит паметно да го насочиме во развој на Македонија односно и на населението и на стопанството. Премиерот рече дека се предлагаат такви мерки во ребалансот на прво место се социјалните програми, таква информација добивме и од министерот на Комисијата дека 100% барањата од Министерството за труд односно социјалните програми се покриваат со овој ребаланс и дека еден дел оди нефигуративно, туку вистински за најсиромашниот дел образованието и здравството. Објективно состојбите тука не ни се добри, не се на она ниво, бидејќи се судруваме во цела Македонија посебно во Западниот дел од каде доаѓам како пратеник нашите села имаат училишта изградени пред 50 години, пред војната со стар инвентар и воглавно овие 70 училишта кои премиерот ги кажа дека ќе се реновираат, дека ќе се опремат е добро и би сугерирал, доколку е можно, веројатно имаме амандмани, да се зголми тој износ на ребалансот да оди за таа намена, бидејќи навистина состојбите во образованието и во здравството ни се катастрофални, впрочем тоа секојдневно го гледаме. Се судруваме со најелементарните апарти во здравството, барем од она што го читаме по весниците дека клиниките немаат средства да купат некој апарат од 10, 20, 100 илјади ДМ што за државата е малку, но за институциите е голема ставка. Затоа би алудирал и би инсистирал навистина оваа ставка од 10 милиони да се зголеми за оваа намена за да нешто се подобри во областа на

образованието и здравството, а да не зборуваме за личните доходи кои ги имаме во овие области. Јас ги разбирам маките што ги има Владата со ММФ и Светската банка, бидејќи масата на пари за плати е ограничена, верувајте господа пратеници веќе 11 години во Македонија платите не се мрднати. Денеска просечна плата во Македонија е под 300 ДМ, барем во овој дел што се ограничени, а во стопанството со исклучок на некои монополски организации или јавни претпријатија или некои мали приватни фирми веројатно таму има некакви плати, но овие што се алиментираат од буџетот имаме катастрофална ситуација. Веројатно тоа ќе придонесе рационализацијата на државната управа. Ние не можеме да дозволиме оти денеска имаме високо образован кадар во државната администрација од кои бараме да ни предложат квалитетни решенија, да се носат со овие проблеми, а имаат плати од 300 до 400 ДМ, а некои советници до 500 ДМ со неколку години работно искуство. Тоа е девалвирање на умот и на трудот на тие луѓе. Затоа велам во овие напори, во овие разговори, јас не велам дека нема напори, битката со ММФ ќе се води и по можност еднаш после 10 години нешто да се интервенира во областа на платите на овие корисници кои се алиментираат од буџетот, бидејќи наставник со 250 до 300 ДМ мислам дека е навистина на дното на овие држави во транзиција. Едно време бевме водечки, но сега сме на дното, бидејќи некои отидоа со поголеми чекори како што се Романија, Маџарска, да не се споредуваме со Албанија, Бугарија, Југославија, но не треба да се споредуваме само со полошите, треба и со подобрите да се споредуваме за да влечеме напред. Стимулацијата е една од клучните елементи и во стопанството и во нестопанството да се оди во развојот на нашата Република.

Исто така мислам дека добар дел од средствата односно најголемиот дел од овој ребаланс оди за враќање на стопанството, тоа сите го бараме, а и претходниот дискутант и во јавноста и во Комората и Синдикатот. Иако лично мислам дека тие ќе имаат ефекти затоа пред малку реков да бевме малку по флексибилни да не отидовме на такви зафаќања, повремено да ги испуштевме вентилите, зафаќањата да беа помали, по директно влијание ќе имавме на развојот, на влечењето напред, бидејќи овие пари ќе одат во Народната банка, па таа треба да ги даде комерцијалните банки, па тие да ги пласираат на стопанството, па стопанството треба да плати камати на тие средства така што овие имаат одложено дејство по неколку месеци или по извесен период. Значи, тие пари се извлечени од стопанството, но тоа враќање е малку подолго затоа во наредниот период, веројатно сега не можеме да направиме, бидејќи овој проблем е решен, тој суфицит е присутен, но за наредната година, бидејќи сме во тек на изготвување на новиот Буџет за 2001 година, мислам дека навистина треба да имаме еден урамнотежен Буџет за да стопанството, кое е толку мало во Македонија, толку сиромашно да не го уништиме до крај, бидејќи тогаш нема за што да дискутираме како стопанството не ни чини какви донации да имаме, каква политика да водиме, не ни се пишува добро.

Теоретски кога реков дали е подобро или полошо, подобро е сепак да имаш пари отколку да имаш дефицит. Во таа насока се согласувам со премиерот, да имавме дефицит ќе требавме да зафатиме од стопанството, тогаш ќе имаше поголема битка за два месеци да се оптерети и населението и стопанството, но бидејќи сега имаме суфицит полесно ни е, но по паметно тие средства веднаш да ги вратиме, да се инвестира, да се отвораат нови работни места.

Јас не сакам да должам, бидејќи беше изнесено и порано и секој ден слушаме Синдикатот и Комората, секој ден се судираме со штрајкови пред Собранието, пред Владата, луѓето имаат мака. Тие не доаѓаат да ја гледаат Владата или Парламентот, туку имаат мака, не земе плата со месеци. Добро е што се интервенира во редовна исплата на плати во тие фирми, детски додаток, некои права што ги користат работниците кои сеуште се во некои претпријатија кои се непрофитабилни или се на граница на рентабилност.

Овие работи сакав да ги кажам. И на Комисија и тука ќе изнесам овие 7 милијарди што ги оставаме за наредна година за плаќање на долгот, сигурно државата има долг, сега се намалува и добро е што се намалува, но тој долг е присутен. Добро е што почнавме на дел од граѓаните да им ги вратиме парите. Ова е прва рата од 2001 година средствата се издвојуваат сега. Јас на Комисијата предложив, а и сега го кажав тука ќе беше добро овие пари што сега ги делиме од овој ребаланс, од овој суфицит да ги пренесевме во наредната година, по можност Владата да види од тие 7 милијарди што ги има како резерва за до година од таму да ја плати првата рата на штедачите во 2001 година, а сегашниот износ да ги зголеми инвестициите

во стопанството, да се зголеми колачот кој би им се вратил на стопанството, бидејќи тоа стопанство утре ќе ни овозможи да имаме вакви или онакви зафаќања и крајно време е, а верувам Владата тоа го разгледува и покрај сите притисоци што ги има од ММФ мораме да пристапиме кон разгледување на корекција на даночната политика во Македонија со акцизите, со ДДВ, бидејќи мислам дека сме единствена држава што имаме и акцизи, се зголеми цената на нафтата, па тоа има реперкусии на целото население, на целото стопанство, нешто во таа насока да се намали, да се корегира таа даночна политика и ако имаме ДДВ да отпаднат акцизите. Тука се стручњаците, тука е Министерството за финансии, не би сакал да предлагам некои решенија однапред, но тоа се некои работи кои не чекаат до крајот на годината и во наредната година да ги преземеме како квалитетни чекори за решавање на овие проблеми.

Инаку да кажам дека јас ќе го поддржам донесувањето на овој ребаланс, кажав и на Комисијата, но сите овие добронамерни укажувања мислам дека и опозицијата и позицијата и како независни пратеници ги кажуваме со добра намера Владата да ги има во предвид, стручните служби, надлежните министерства да најдеме посоодветни решенија за стопанството, за народот, бидејќи тој народ дали е на опозиција или позиција тој е наш народ, ние сме 2 милиона граѓани без оглед која и каква Влада, кои парламентарци, утре ќе дојде некој друг, но ние да предложиме конкретни и квалитетни решенија кои ќе придонесат за развој на стопанството.

Драго ми е да кажам и со тоа ќе завршам денеска после неколку месеци почнавме да расправаме, да не бидам сфатен како портпарол на Владата, не со глупости, туку нешто паметно да почнеме да живееме, да работиме што секојдневно не притиска. Имаме огромни проблеми, но огромен труд трошиме и време за некои површни работи, како пратеници не сме толку ефикасни во нашите дискусии, во нашите ангажмани првенствено на комисиите каде треба да го дадеме нашиот придонес за да навистина на овој народ кој не избрал за овие години нешто да му помогнеме инаку вака ако продолжиме можат само да се заострат состојбите и еден ден да не го положиме испитот и народот да дојде и да не избрка од тука. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Илјаз Сабриу за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, донесувањето на Буџетот и ребалансот на Буџетот во најголемиот дел на земји во светот предизвикува голем интерес кај граѓаните на таа земја, а во исто време во парламентите се води жестока расправа меѓу самите парламентарци, затоа што Буџетот практично ја игра значајната улога во целокупниот општествено политички живот.

Јасно е дека Буџетот го тангира секој граѓанин на една земја, Буџетот се полни од граѓаните и од стопанството речиси во сите земји во светот.

Спрема тоа, во сите земји Буџетот така се дефинира и така се определува да ги задоволува потребите на една земја, а во исто време да служи во функција на економскиот развој на таа земја.

Денеска во светот може на прсти да се набројат земји кои покажуваат суфицит. Во сите земји се настојува да се воведе големо штедење, да се растеретува граѓанинот и стопанството и свесно некаде се оди и со дефицит во Буџетот се со цел да се создаде една можност за поголем развој на економските процеси во таа земја.

Има земји кои покажуваат суфицит како што е Јапан и други, но тој суфицит воглавно доаѓа како резултат на штедење на поедини ставки во Буџетот, кај нас не е тој случај. Ние имаме во некои делови од Буџетот особено таму каде се однесува на она што претставува луксуз имаме за неколку пати натфрлување на буџетската потрошувачка.

Некои мои колеги кажаа и претседателот на Владата од каде доаѓа тој суфицит. Но пред да го кажам тоа, да ја довршам мислата, во светот воглавно се работи на урамнотежен Буџет. Во светот се разиграни такви софтфери и такви методи кои не дозволуваат во времето на остварувањето на Буџетот, да се ствара буџетски суфицит во од непрекинато се растеретува стопанството и зафаќањето од граѓаните. Спрема тоа, не се оди на тоа да се создаде суфицитот, па после тоа да се седне и да се расправа како и на кој начин ќе се распореди, туку во времето на остварувањето на Буџетот се ставаат механизмите во активна положба и ги спречуваат овие процеси.

Јас мислам дека тука да разработиме такви методи и такви начини на работење во буџетската управа во Министерството за финансии, а оваа држава располага со огромен број на кадри кои можат тоа успешно да го обавуваат.

Овде, треба навистина да се види од каде е створен суфицитот. Од продажба на општествени објекти. Добро ќе беше да имавме една политика, кога се врши приватизација и создаваат средства по тој основ, да имавме една политика во кој правец тие средства ќе ги користиме. Многу е опасно тоа да го правиме за јавна потрошувачка, каде ќе вршиме притисок и на пазарот и каде ќе ги потрошиме тие средства што нема да се оплодуваат, што нема да се враќаат. А, тие средства се добиени од продажба на веќе постојни објекти на производни капацитети и тие средства најдобро е да се употребат во тој правец. Значи, ни недостасува една друга политика или недостасуваат други решенија.

Понатаму суфицитот е остварен и од донации. И тоа најголемиот дел. Тука треба ние да видиме што можеме од тие средства и како да ги користиме. Тоа се квалитетни и добри средства. Добро е што на тој начин добиваме неповратни средства. Мислам тука, на тие донатори денеска треба да им изразиме голема благодарност.

Создавање суфицит по основ на ВАТ - системот, еве, како што го викаме популарно ДДВ, е мислам резултат на грешките што ги направивме при донесувањето на Законот за ДДВ, за ВАТ - системот. Неколку стопанственици, ние, тогаш укажувавме, еве денеска имав можност да го слушнам тоа и од премиерот дека во тој правец ќе се превземат мерки. Тогаш укажувавме дека еден голем дел, еден значаен дел за стопанството, за оваа држава, тоа е земјоделието, како што е лесната индустрија треба да се ослободи од ДДВ или да се намалат потполно стапките.

Видете, како резултат на ДДВ и добро е тоа што Владата го согледала, направивме големи дефекти во земјоделието. Немаме никаква инвестираност во земјоделието. Може да се прочита воопшто механизација не се купува, дека таа е скапа итн.

Исто така, можеше и тогаш укажувавме и сега укажувам дека увозот на репроматеријали да не се оптоварува со ДДВ, да се оптоварува самиот готов производ, ако оди на пласман на домашниот пазар. Затоа што при увоз на тој репроматеријал стопанските организации крајно се исцрпуваат и го плаќаат ДДВ-то, а некои производи на пазарот доаѓаат после два - три месеци затоа што има таков технолошки процес. Замислете денеска кога имате високи каматни стапки во банкарскиот систем од 8%, 10% месечно, за три - четири месеци тоа е 40-50% кога ќе се надгради на другото. Кое стопанство може тоа да го издржи, една таква конкуренција што доаѓа од развиениот свет? А посебно имајќи предвид едно стопанство неразвиено и заостанато во една ваква сиромашна држава. Според тоа, мора тука брзо да се дејствува. Од премиерот имавме можност да слушнам дека тоа ќе се направи до Нова Година. Не треба да се чека толку време. Мора брзо да се поправат состојбите во тие делови на економијата каде ДДВ направи, практично големи штети.

Понатаму, кога зборував да се следат процесите на остварувањето на Буџетот, мислам дека со самото огромно покачување на одредени производи, посебно во монополската сфера, мора веќе во правецот на обезбедувањето на големи приходи од тој дел, по основ на ДДВ, или други зафаќања, да се делува практично на време. Ако имаме области во кои се покачени цените до 50%-60%, тоа значи пропорционално со тоа расте и зафаќањето по ВАТ - системот. Тоа значи и создавање непотребен суфицит во државата.

Имајќи предвид дека економијата се наоѓа во тешка состојба, јас мислам дека тука сме сите согласни, имав можност да го слушнам и премиерот кога рече во сферата на стопанството и економијата состојбите не се ни розови. Според тоа, ако сите мислиме дека тие состојби се изострени до таа мерка што треба во таа област и во тој дел да ги насочиме сите сили, тогаш треба и решавањето на овој суфицит во тој правец да се одвива. Ако имаме огромна внатрешна презадолженост, ако имаме огромни загуби, ако имаме блокирани сметки преку 30.000 субјекти, ако имаме дезинвестирање воопшто во државава, ако имаме огромна невработеност што и политички и економски проблем, да сум јас претседател на Влада, а не сум, а и не сакам, јас би направил во тој правец значајни решенија.

Па, ние овде се зборува за еден суфицит од 230.000.000. Јасно е дека тоа е веќе 430.000.000. Јасно е дека до Нова

година ќе дојдат уште 200.000.000, тоа е преку 600.000.000. Ако ги имаме предвид проблемите и неизостreniот проблем, тогаш зошто овие средства не ги ангажирате во правецот на развој на индустриите што ангажираат најголем број невработено население, земјоделието, лесната индустрија. Со овие средства многу брзо можат да се вработат околу 150.000 луѓе. Ако сака некој со мене за тоа да разговара, емпириски и со рачуници ќе му докажам. Не можеме ние да развиваме, со овие средства, современи технологии, современи технолошки процеси и производи, но класични процеси и тоа за дејности кои што имаат пазар, за кои што има пазар, постои пазар, и кои производи практично можат во голема мерка да го ублажат трговскиот дефицит, тоа значи дека воглавно се наменети за извоз.

Меѓутоа. и ова што е предложено, човек треба да биде објективен и реален, секаде каде е предложено, не е нешто што носи луксуз и не е нешто што не е потребно. Меѓутоа, кога се мери што е тоа што би дало најголеми ефекти, тоа е пласманот на овие средства во сферата на производството. Прво, затоа што на тој начин ќе се врати во стопанството, а второ затоа што тие средства ќе создадат ново производство и затоа што овие средства после толку години може повторно да се вратат и да се реинвестираат. Според тоа, ваквите работи бараат многу подлабоки анализи и студии, многу поадекватни решенија што можат да донесат многу покрупни ефекти.

Нашето вртење во круг и пласманот на средства што ќе отидат во јавната потрошувачка и ќе ја зголемат инфлацијата, практично не ни носи никакви економски ефекти. А, ако имаме производство, ако имаме нов профит, тој ќе помогне да се развие и здравството и образованието, да се решат и проблемите во социјалата. Јас, на пример, како човек кој припаѓам на Социјалистичка партија најмногу и треба да се залагам за тие области. Меѓутоа, тоа претставува палијативни решенија. Многу подолгорочни и многу поквалитетни се решенијата што ќе одат во економскиот развој. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго, за учество во расправата.

Збор има г. пратеник Никола Поповски. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г. претседателе.

Почитуван премиеру и членови на Владата, колеги пратеници, денеска расправаме за ребалансот на Буџетот и како дополнување на тоа, веројатно имавме експозе на г. премиер. Кое експозе покрај на Буџетот мислам дека претендираше да се осврне на целокупната економска ситуација во Македонија. Ако не се сфати цинично, мислам дека ако завршеше "и понатаму сите живееја долго и среќно" тоа експозе ќе погодеше таму каде што претендираше да погоди тоа експозе. Меѓутоа, мислам дека апсолутно е различна ситуацијата од онаа за која разговараме и апсолутно се различни причините за ваквото буџетско реконпонирање, како што имаме и различни погледи за последиците што ќе ги предизвика тоа.

Во врска со брилијантните резултати што се остваруваат и што не се само на оваа Влада како проблем, да направам една компарација, би сакал, за да можеме да лоцираме Македонија и нашата економија кога зборуваме за нејзините резултати, а ќе кажам зошто почнувам со економијата расправајќи за Буџетот. Тоа, од прилика би се свело на следново:

Македонија, по глава на жител има бруто домашен производ што од прилика е 12 пати помал, дури 13 пати помал од оној на Германија. Тоа значи дека вкупно ние, во Македонија остваруваме бруто домашен производ колку еден град од 150.000 жители, просечен град во Германија. Толку е нашата моќ, иако сме на голема територија со толку жители и толку можеме да создадеме и многу помалку од тоа можеме да распределиме за потребите на државата. И со таков поглед би требало да се позиционира Собранието и никогаш да не заборави, всушност, за што расправаме и со каква економска моќ односно немоќ се соочува Република Македонија во контекстот во кој што живее.

Не е спорно дека Буџетот на државата е синтеза, ако воопшто може така да се каже, на вкупната економска политика што ја води една Влада. Во Буџетот на директен или индиректен, меѓутоа најчесто на директен начин почнуваат или завршуваат најголем дел од мерките на економската политика, без разлика на што тие се однесуваат, вклучувајќи и мерки на монетарната политика, кога гледаме со трансферите од

Буџетот дека има многу допири заради стабилизационата функција на Буџетот во овој случај, иако таа власт е одвоена од Владата.

Имајќи го предвид таквото значење на Буџетот не можеме да ги затвориме очите од стварноста што не опкружува и во кои услови ние се соочивме со една, според мене, ако сакам благо да се изразам, една многу тешка ситуација на постоење на буџетски суфицит од 7.000.000.000 или надминување на планираните буџетски приходи за 14-тина милијарди денари. Да потсетиме, вкупно планираните беа 50-тина милијарди.

Со цел да направам една логична ретроспектива на можна споредба со што ние попладнево во Парламентот се соочуваме, извршувајќи ја нашата уставна обврска, на предлог на Владата да донесеме Буџет на Република Македонија, ќе потсетам на следново:

Македонија, од осамостојувањето до денеска се среќава, помалку или повеќе со слична буџетска политика и со слични економски проблеми. Меѓутоа, мислам дека клучната година од која што треба сериозно да почнеме компарациите да ги правиме, г-дин претседателе и господа министри, е 1996 година, најмалку од две причини:

Првата причина е што 1996 година е првата година со позитивна стапка на развој на Македонија после деcениска криза што не беше само од 1990, туку и од пред тоа и од 1996 година до денеска веќе 4-5 години имаме позитивна стапка на раст. 1996 година, едновремено беше година кога од Македонија се симнаа ембаргата и санкциите од Север и Југ, а и потпиша трговска и економска Спогодба за соработка со ЕУ. Сакам да кажам дека во таа година се постигнаа сите договори со ММФ што денеска важат или се во фаза на додоговарање. Сакам да кажам дека таа година го означи она време што во микро план можеме да го кажеме денешното време во економска смисла, со релативно поурамнотежен развој во Република Македонија, подобра макро - економска стабилност, и мерки на економската политика што до ден - денеска драстично не се менуваат, иако премиерот зборуваше, меѓутоа ако и тој сака да биде објективен, ќе се согласиме дека некои клучни мерки на економската политика во врска со стабилизацијата, ликвидноста на Македонија, макро - економската стабилност не се менуваат драстично.

Е сега, во таа 1996 година што, досега зборував зошто мислам дека е клучот од кој што треба да се компарираме, а не 1992 или 1993 итн., Буџетот на Република Македонија во завршната сметка беше 42,7 милијарди денари. Наредната година, 1997 година, во која владееја слични услови, по завршна сметка, Буџетот беше 41,4 милијарди денари. 1998 беше 42,6 милијарди денари. Значи три години, 1996, 1997 и 1998 година, помеѓу 41 и 42 милијарди денари. Во 1999 година Буџетот на Македонија по завршната сметка, што ова Собрание ја усвои, имаше вкупно ниво од 50,5 милијарди, со што покажа пораст од над 20% во споредба со претходните три, релативно слични за споредба години.

Денеска гласаме за буџет што оваа година ќе ја заврши на ниво од 64,8 милијарди од кои 7 милијарди веројатно ќе се префрлат во наредна година.

Сакам да укажам дека буџетската потрошувачка во Република Македонија во последниве пет години, 1996, 1997, 1998, 1999 и 2000 година, има тренд на хипертрофираност и мислам дека трендот денеска е најизразит. Тоа, за разлика од Владата и премиерот што го претстави ја овде како некаков успех на Македонија и на Владата, јас и ние, зборувам за пратеничката група на СДСМ го квалификуваме како влегување во проблематични води со Буџетот во Република Македонија. Затоа што Република Македонија не е државата и Владата која нејa ја претставува во доменот на финансирањето на државните потреби, не претставува фирма што се бори за профит на пазарот, туку претставува сервис на граѓаните. Таа зафаќа од нивните профити со цел да ги финансира општите потреби.

Кога апсурдот би се извел до крај последиците би биле стравични. Дали тоа значи дека идната година, ако буџетот отиде на 70 или 80 милијарди, ние ќе бидеме уште поуспешни?

Сакам да укажам дека тие споредби се апсолутно неприфатливи. Се работи за многу сериозни проблеми за кои расправаме и така да кажам, фалбата дека што повеќе средства во државата потсетуваат на времиња за кои премиерот кажа дека овој Буџет би ги надмашил со својата политичка ориентација.

Сакам да кажам дека со ваков Буџет и со ваква тенденција од 42, преку 50-60 милијарди денари за две години, Република Македонија наместо да биде држава што како сите современи европски држави ќе претставува сервис на граѓаните за нивните потреби, ќе почне да се претвора или покажува знаци на држава што претендира да биде владетел или закана за граѓаните, закана за нивната економска моќ, и владетел во смисла на тоа да контролира многу повеќе од вкупниот бруто домашен производ отколку што е тоа нормално за една европска држава.

Нашата држава или ова Влада, во тој момент ја претставува, претендира да го зголемува своето учество во распределбата на колачот на нацијата на начин за кој мислам дека нема доволно објаснувања во оваа држава. Таа сака да завладее се поголем дел од она што ние го создаваме и тоа да го претстави како свој успех. Мислам, дека за разлика од застарените теории од 60-тите години со кои премиерот овде не веруваше што било лева, а што било десна ориентација, иако тој говореше за ориентација од 1945 година, треба да сфатиме дека Буџетот во приходите и расходите не почнува од тоа колку ние ќе собереме, па за што ќе ги потрошиме средствата, туку почнува наопаку: колку и треба на оваа држава да ги финансира своите потреби, за тоа колку треба средства да собере и за да ги собере тие средства, каква структура на даноци, царини и други давачки треба да се дадат на државата и кој да ги дава во колкав обем.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Дали ќе ги даваме директни даноци, дали индиректни даноци. Мислам дека логиката е обратна. Ние случајно собираме 65 милијарди и сега ќе ги делиме. Што ако случајно собереме 40, што ако случајно собереме 100. Ние господине премиер и господа пратеници мора да знаеме кои се потребите на оваа држава. За тоа треба работа, за тоа треба да се седне и макотрпно да се работи, да се оцени дека на оваа држава и требаат толку и толку проценти од нејзиниот бруто домашен производ за да ги финансира своите општи потреби и потребите на граѓаните и да биде нивни сервис и да биде нивни социјален заштитник, и да биде нивен развоен фактор и се заедно и врз основа на тоа да оцени како структура на даноци колку даноци. Кога ќе оцени дека зафатила повеќе од што треба, ова Собрание треба да изрази загриженост и да повлече потези за тоа да се врати на нивото кое е потребно. Само да потсетам со ист курс на денарот во однос на корпата валути, или во нашиот случај и оваа Влада прифати да биде врзана со германската марка, ММФ нас ни одобри Буџет 1996, 42 милијарди, 1997, четириесет и една, 1998 42, 1999, 50, 2000, за 64 со 7 милијарди внатре пренос за 2001 година. Ние ќе се согласуваме со ММФ, меѓутоа, ве молам ние живееме во оваа држава, ММФ никогаш нема да ни забрани да размислуваме, малку да го спуштиме нивото на потрошувачка во државата ако отишло над она за што ММФ четири години не притискал. Јас не можам да прифатам ситуација дека ММФ денес ни дозволува да трошиме, внимавајте 50% повеќе средства во Буџетот отколку во 1998 година, отколку во 1997 и отколку во 1996 година. Не се работи за пет, не се работи за 15, се работи за 50. Или поинаку кажано дека сите ние треба уште за половина од она до вчера да го финансираме државниот трошок на Република Македонија плус. На што се должи ова? Ние сме уверувани дека тоа се должи на огромниот успех на реформите и државата.

Дозволете господине претседателе ка Собранието со тоа да не се сложиме и да дадеме елементарен преглед на што се должи тоа. Оваа година имаме по два основи 12 милијарди денари во Буџетот плус, само по два основи во споредба со претходните четири, пет години. Едниот основ е донации од странство и тоа е добра работа на оваа Влада тоа ќе го пофалам, не се срамам да го пофалам и тие рекоа дека тоа ќе го дадат како суфицит за наредната година. Меѓутоа се должи и на фактот дека сите други даночни зафаќања се горе, доле исти, освен едно даночно зафаќање кое пораснало за 7 милијарди денари. Седум и пет се 12, ете го порастот на Буџетот. Донациите ќе ги ставиме за потребата на оваа расправа на страна, затоа што тоа е приход од странство кој ни е добродојден. Имаме трошоци за екстра услуги кои ги правевме и за бегалците итн. Сите даночни зафаќања се горе доле исти од 1996 до 2000 година. Меѓутоа, внимавајте, данокот на додадена вредност или неговиот претходник данокот на промет да ви ја дадам ситуацијата колку сме го зафаќале во последниве пет години и каде е "клучот на успехот". 1996 година 8,8 милијарди се наплатиле од данок на промет по завршна сметка усвоена од ова Собрание, 1997 година 8,8 милијарди идентично, 1998 година 8,8 милијарди денари, три години по ред истото ниво на зафаќање. 1999 година, 9,9 милијарди, 2000 година, по основ на

данок на промет кој важеше до 1 април 4 милијарди и по основ на данок на додаден вредност до крајот на годината 13 милијарди, или собрани тоа е истиот данок трансформиран и поинаков, меѓутоа не се наплаќаа двата во исто време, 17 милијарди денари. Значи, ситуацијата е 8,8,; 8,8; 8,8; 9,9; 17. Ете го изворот на огромните приходи во Буџетот. 7 милијарди денари по основ на воведениот данок на промет само во една позиција на приходната страна на Буџетот. Дозволете да појаснам. ДДВ ние го поддржавме, едновремено дадовме и закон со кој кога се применува ДДВ на акцизните стоки, акцизите треба да паднат. Тоа што Владата не го сфати е што не ги намали стапките на акцизните стоки и сега овој данок се наплатува и врз нив. Акцизните стоки остануваат со исто оптоварување и плус ДДВ, 7 милијарди се да кажам избоксирани од населението во овој Буџет само по еден основ, воведување на нов дополнителен данок на оваа држава. Сега г-динот премиер, најави дека во идната година ќе направи нова структура на даноци, која во основа би значела намалување. Тој кажа дека еден од тие ќе биде персоналниот данок. Кога во 1993 година, го донесовме Законот за персонален данок, кој беше во тоа време реформски и транзиционен, донесовме три стапки и рековме дека во одреден период тие ќе траат и ќе ги преоцениме. Мислам дека е во ред преиспитувањето и ако оди во распон надоле генерално и ако највисоката стапка се движи нагоре, затоа што платите во Македонија се развлекоа на пирамидата нагоре и надоле, ние тоа ќе го поддржиме. Меѓутоа, едновремено укажуваме дека ќе бараме пакет на закони во кои веќе два пати одбиениот Закон за акцизи од СДСМ и еднаш одбиениот Закон за акцизии од Демократската алтернатива, ќе биде исто така на дневен ред и тие акцизи ќе паднат, затоа што ние денеска плаќаме бензин, цигари, алкохол, коли, кафе и уште некои луксузни парфемски производи, акцизни стоки по многу високи даночни оптоварувања по два основа во државата. Овие 7 милијарди не се ништо друго отколку одлуката на ова Собрание и на Владата со закон да зафати повеќе средства од населението во износ од 7 милијарди. Тоа го покажува оваа петтогодишна анализа. Тие седум милијарди не треба да ги третираме како успех, тие треба да ги третираме како обид на оваа држава и на онака осиромашеното население, сега се враќам на почетокот кое во економска смисла вреди колку 150 илјади германци му зафати уште 7 милијарди, односно уште 200 и нешто милиони марки, односно по 100 марки на секој плус, односно на четворочлено семејство по 400 марки ги оданочивме повеќе, просечно зборувам, кој пуши, плаќа повеќе, кој купил кола, повеќе, бензин, итн., просечно 400 марки по семејство со ефектот на ДДВ го олеснивме семејството, ако е четворочлено во Македонија, тоа не треба да го земеме за успех на оваа држава. Тоа треба да го сфатиме како сигнал дека во идната година акцизите треба да се намалат, треба да се преиспитаат некои од другите даноци и да го доведеме во Буџетот на нивото кое од прилика ќе одговара на економската моќ и на оние кои го даваат придонесот од стопанството, од економијата и на оние кои даваат придонес како граѓани на оваа држава во Буџетот на Република Македонија. Само да направам уште една компарација, дека растот на Буџетот на Република Македонија од 50% во последниве две години е проследен со стапки на раст на бруто домашниот производ од 2 до 5%. Значи домашниот производ ни расте од 2 до 5%, а буџетската позиција на државниот Буџет ни расте скоро 50%. Значи, ние многу повеќе зафаќаме, многу, многу повеќе од колачот кој стопанството успева да го зголеми за 2% во 1999 година, и во оваа година ќе чекаме на крај колку ќе се зголеми, ќе кажам нешто и за тоа, меѓутоа, сигурно нема да биде во границите повеќе од 2 до 5%. Затоа, тврдам и затоа реков дека овој Буџет е хипертрофиран и тој почнува да претставува, или ако не се реши таа ситуација ќе претставува тумор на телото на Република Македонија. Ако Буџетот е синтеза на вкупната економска ситуација во државата и на вкупните мерки и ако тие се толку добри што предизвикуваат ваков Буџет, јас господо пратеници, господа министри, имам неколку прашања во врска со тоа. Ако работата оди нагоре и врз основа на тоа се полни Буџетот, а не врз основа на нови даночни зафаќања кои се неприкладни за Република Македонија, тогаш зошто во Република Македонија трговската размена со странство ствара се повеќе трговски дефицит. Да направиме уште една компарација. Во 1999 година покриеноста, некои од пратениците го кажаа, меѓутоа, мислам дека имам и поинаков агол со некои бројки и затоа го повторувам. Во 1999 година покриеноста на увозот со извоз беше 67,1%, или да објасниме нај пластично, ако увезуваме 100 долари, извезуваме 67 долари. Имаме 33 долари трговски дефицит на секои 100 долари. За првите осум месеци од оваа година нашата покриеност е 62,9. Значи ние

за осумте месеци се повеќе увезуваме, а се помалку извезува земено генерално. И нашата покриеност е падната за отприлика 4,5% повеќе. Сега уште 4,5 долари на секои 100 долари не можеме да ги покриеме. Или ако сакате сумарно минатата година покриеноста дефицитот бил 585 милиони долари годишен, а годинава само за првите осум месеци, или за две третини е 510. Веројатно податоците за септември и октомври веќе се на нивото од 585 и ноември и декември ќе биде дополнителен дефицит кој ние тешко го финансираме. Држава која има Буџет кој е на нивото од под милијарда американски долари, под милијарда американски долари е нашиот Буџет има годишен трговски дефицит од над 600 милиони долари, тоа е 60% од Буџетот. И тоа е многу голем дел од бруто домашниот производ. Не може таква држава да се откаже од услугите, господине премиер, на ММФ и на Светската банка, зошто ние имаме змија отровница во нашиот џеб, ние годишно тргуваме со загуба од 600 милиони долари со светот. ММФ се грижи за стабилноста на валутите, се грижи за курсот, се грижи за платно билансните позиции на државите членки. Ние не можеме тоа да го финансираме, а нашиот денар не е конвертибилен за со буџетски суфицити да го покриваме трговскиот дефицит. Тој се покрива во тврда валута, нашите денари не вредат да ги размениме за тврда валута, а дома не можеме затоа што немаме доволно долари, да имаме нема да имаме дефицит. Сакам да кажам дека имаме влошен економски резултат. Да не заборавиме дека после петогодишна ситуација на контрола на инфлацијата во Македонија на нивото од 5%, на нивото од под 5%, оваа година од воведувањето на ДДВ не селективно, без намалување на акцизните стоки нашата инфлација се движи во границите од 14 до 10%, или според соопштението на Заводот за статистика на Македонија од 31 октомври последниот податок е дека инфлацијата е 9,6%, или за првите 9 месеци заедно 10,3%. Значи ние имаме точно 10% инфлација што не е показател со кој можеме да се фалиме. И едновремено да потсетиме дека во услови кога имаме десетина проценти инфлација, ние имаме стабилен курс на денарот. Тоа значи по автоматизам дека извозот паѓа, затоа што домашните цени растат побрзо од курсот, а дека увозот расте. И како резултат на тоа структурниот проблем е трговскиот дефицит за кој зборував. Како резултат на таквиот извоз уште подрастично тоа се одразува кај потрошувачката. Па во рамки на таквите узозно - извозни односи личната потрошувачката на населението расте уште побрзо од вкупната потрошувачка во увозната структура, а опаѓаат инвестиционите активности и тоа се се податоци од Заводот за статистика. Значи, ние имаме јасна ситуација, нашата вкупна економска политика и вака поддржана со Буџетот створа дефицит на трговскиот биланс, од друга страна створа инфлација заради погрешна даночна политика, сум уверен, од април наваму, створа нерамнотежа во понудата и во побарувачката и создава нерамнотежа во стопанството кое сега како товар мора уште повеќе да двои за Буџетот без никаква потреба.

Дозволете да кажам уште еден многу битен податок за тоа каде оди македонската економија која финансира ваков Буџет. Господинот премиер и буџетот претендираат социјалните проблеми да ги решаваат со Буџетот и за тоа од нас ќе добијат поддршка. Меѓутоа тоа не значи дека ние треба да имаме економска политика која створа социјални случаи, а Буџет кој ќе ги решава. Ние треба да имаме политика која нема да има социјални случаи. И сега веднаш ќе го поврзам тоа со Буџетот. Имаше еден закон за поттикнување на вработувањето кој даваше резултати. Оваа Влада се откажа од услугите на тој закон по принципот се што е од спротивната страна по дефиниција е лошо. Сега, тие луѓе немаат привилегии, нивните работодавци немаат привилегии при нивното вработување од аспект на плаќање на даноци и придонеси. Без привилегии нема голема заинтересираност поголема од нормалната да ги вработат. Без таква заинтересираност бројот на вработените не расте, расте бројот на невработените. И сега наместо да ги насочуваме парите во стимулирање на вработените кои не се социјални случаи по дефиниција ние ги одземаме од нив, ги претвараме прво во невработени, па после им ги доделуваме парите како социјална помош. Мислам за разлика од претходното што го кажав, оваа Влада од нас нема поддршка. И сега за да го документирам тоа, да не испадне дека зборувам напамет, бројот на невработените во Република Македонија за две години порасна за 98 илјади невработени, а бројот на вработените во исто време не се зголеми. Еве го соопштението на Државниот завод за статистика за бројот на работниците во индустријата и рударството, и ако е тоа само за индустријата и рударството, не е за вкупната вработеност, индексите на годишно ниво 2000 со 1999 се сите испод 100, во границите помеѓу 96 и 98. Значи

имаат опаѓање на вработеноста, имаме пораст на невработеноста. И сега логичен резултат е, пари од Буџетот за овие луѓе. Може би е подобро да размислуваме поинаку, пари од Буџетот за вработување на тие луѓе не директно со стимулации на работодавците, па тие нема да бараат, а помошта за стимулации на работодавците е помала во финансиски износ од социјалната помош која ние ќе им ја даваме на нив. И второ, ние сме по Уставот декларирани за социјална држава, меѓутоа, не за држава на социјални случаи, за држава која може би треба да плати повеќе за достоинството на човекот кој работи, отколку да плаќа за недостоинството на човек кот добива социјална помош. Тој проблем не е на оваа Влада, тој проблем во Република Македонија ако јас добро се сеќавам, ама мислам дека се сеќавам добро и знам добро почнува 1984, 1985, 1986 кога бројот на невработените почнува рапидно да се зголемува до ден денес. Само 1998 да заборавиме која Влада била, нека не не интересира, е единствената година во која бројот на невработените во Македонија не се зголеми, од 1984 година до денес. Јас мислам дека тоа е под удар на мерките на тогашниот закон. Владата тоа не го прифаќа и го укина законот. И тоа статистиката покажува дека само во таа година не се зголеми бројот на невработените. Дајте за тие луѓе да не даваме помош на невработени, туку помош за нивна стимулација работодавците да ги вработуваат. Меѓутоа, очигледно и во текстот на законот Владата и во оваа реклама што ја има објавено весник има напишано дека тој закон, не дал резултати и очигледно дека нема намера да превзема политика на стимулирање на вработувањето. Ние би биле среќни една левичарска мерка во таа насока да преземе Владата, а не во насока на се поголема креација на социјални случаи кои ќе влечат се повеќе средства од Буџетот. Исто така мислам дека ако овој Буџет се потпира на филозофијата дека македонскиот домашен бруто производ во 2000 година ќе расте со стапки кои Републичкиот завод за статистика, Државниот завод за статистика ги продуцира, па да го следи со Буџетот, мислам дека апсурдно најмалку од две причини. Прво, тие стапки пред неколку дена, или последниов месец дена имаме една сериозна научна расправа на стручни луѓе, дали се добри од повеќе причини методолошки и други, дали се тие навистина за еден квартал 14, за цело полугодие околу 10, или се помали. Зошто се тие такви? И тоа фактот дека варираат за едно тромесечие од 14 на 10, покажува дека со нив нешто не е во ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Ниедна економија не може толку големи падови и скокови да прави во едно тромесечие. Државите се борат за годишен раст на бруто домашниот производ од 2,3 или 4%. Растови од 14% за едно тромесечие, па идното паѓа на 10%, а минатата година биде на 2, па кој да знае третото тромесечие и четвртото на колку ќе заврши, покажува дека има проблем во методологијата. И додека таа не се реши ние нема да можеме да влијаеме со јавната потрошувачка во тој бруто домашен производ, кој очигледно може да биде преценет.

Да додадеме дека волку големото и непотребно пумпање на Буџетот, резултира и со ликвидноста на претпријатијата, која се влошува и податоците покажуваат од Заводот за платен промет, значи, тоа се официјалните државни податоци на Македонија, дека од прилика за една или две години 10 милијарди денари се зголемени неплатените обврски на претпријатијата во Македонија, за да денес го имаат фантастичниот износ, со состојба од септември 2000 година од 32 милијарди денари неплатени обврски, неизмирени обврски. Или од прилика, многу повеќе отколку што е зголемувањето на Буџетот или може да значи дека има и прелевање од фирмите према Буџетот или може да значи дека една милијарда внатрешен долг постои, кој се зголемува во последните две години континуирано. Тој податок треба да го констатираме, за да не се залажуваме дека преполнетоста и суфицитот на Буџетот, значат и добра ситуација во Македонија. Овие податоци покажуваат дека тие во исто време значат, намалување на средствата кај приватниот сектор, т.е. стопанството иако тука е и државниот сектор на стопанството, меѓутоа тој не е неликвиден и претпоставувам дека нема големи обврски во целина. Тука, исто така, се механизмите, за кои говореше господинот Сабриу, дека ние со истите плати, со истото ниво на плати, плаќаме многу повисоки цени и услуги во последниве една и две години, после воведувањето на некои даноци и после неумереното покачување на цените на некои стоки, за кои нема потреба. Ако Владата сака да води социјална политика, јас и препорачувам за некои од стоките и услугите кои се од суштинско значење за живеење на човекот во XXI век, да води сметка на поинаков начин. Не мора струјата да порасне 60% без никакви даночни

оптоварувања. Не мора бензинот да го оданочуваме и со ДДВ и со акциза, за да стигне до фантастични од прилика 2 марки на плата од 120-тина долари, просечна македонска плата. Може и таму да го штити стандардот на населението со индиректни мерки. Зашто џабе вие ќе дадете 200 марки на социјален случај, ако во исто време, наместо струјата 1000 денари, ќе му ја наплатите 1500 денари. Парното, наместо 1000 денари ќе му го наплатите 1500 денари. И, бензинот наместо 140 денари, ќе му го наплатите 60 денари. Ќе му го испумпате во текот на месецот, повторно на сметка на Буџетот и ќе си играме во круг како мачката и глувчето.

Затоа, ценам дека ваквата логика на наводно успешно собирање на даноци, има и проблеми, за кои мислам дека Владата треба без фрустрации да расправа дека ваквото оданочување, ваквото собирање може да биде и лош бумеранг врз Македонија.

Не би сакал во врска со економската ситуација да го поврзам, меѓутоа ова е Парламент, ова е политички орган, законодавен и треба да се каже или укаже дека овој Парламент и нашата пратеничка група е загрижена, заради фактот дека и преговорите со Европската Унија, а и преговорите со ММФ и Светската банка на чуден начин се прекинаа во рок од само седум дена. Не сакаме да веруваме дека тоа коинцидира со некакви односи на државата со Светската заедница и со Европската Унија, меѓутоа сакаме да констатираме дека сме загрижени зошто тоа се случува и дека би сакале да има позиција, Владата на Македонија да има позиција, во која нема да биде доведена во ситуација, нејзините преговори се одложат со технички образложенија од двете клучни институции со кои Македонија перспективно треба да соработува. Обединетите нации во економска смисла, нејзините асоцијации и Светска банка и ММФ и Европската Унија, од друга страна.

Сакам да повторам дека очигледно станува, структурата на даноците во Република Македонија е лоша и заради тоа Буџетот се преполнува и дека е доцна, иако никогаш не е доцна да се намалат одредени даноци, кои го оптоваруваат граѓанинот многу.

Дозволете, господине претседателе, во продолжение да укажам само уште на неколку работи. Нашата економска ситуација е лоша и тоа покрај сето ова друго се одразува и со погледот на структурата на нашето стопанство. Многу лоша извозна структура, на која ќе и треба постојано давање на инфузија, за да платниот биланс ни овозможи да живееме во Европа и со имиџ на држава која е во Европа.

Инаку, ако ние живееме само со без инфузиите, а тие инфузии се невозможни без соработка со ММФ, јас мислам дека претседателот на Владата даде, сепак, една еуфорична изјава и дека ќе дојде време, сега не е можно да се расправа за неа, тоа е предвидување. Меѓутоа ќе дојде време кога ние таа изјава ќе треба да ја заборавиме како држава и да продолжиме нормално да соработуваме со ММФ, за да можеме една милијарда марки и повеќе, една ипол милијарда марки или 600 милиони долари годишен трговски дефицит, да го покриваме од страна на разни начини.

Да се вратиме на тоа зошто е таа извозна структура лоша? Господа пратеници или колеги пратеници, главните извозни производи на Република Македонија во 2000 година и веројатно во идните години се и ќе бидат, внимавајте, производи на црната металургија, производи на обоената металургија, тутунот и неговите преработки, виното и текстилот. Тоа е извозната структура на Македонија. Ги набројав шесте најважни производи на македонскиот извоз. Тоа го има во сите статистички показатели во Република Македонија. Тоа е извозна структура, дозволете, без потценување кон сопствената држава и нација која бескрајно ја сакаме. Да потсетиме, дека извозна структура на државите од сегашната Европска Унија од 1800 и некоја година, тогаш тие држави. Во својот почетен индустриски развој, имаме извозна структура во која доминирале, црната металургија, обоената металургија, текстилот и некои обработени земјоделски производи, зависно од регионот, а кај нас тутунот и виното.

На прагот на XXI век извозната структура на сите стопанства се одликува со високо технолошки производи, со извоз на услуги, со извоз на знаење. За да се фати тој чекор, ние, прво, треба да ја постигнеме извозната структура на една индустриски развиена држава, која во Европа е минато. И, сега ние да влечеме заклучоци на нашата говорница од страна на премиерот, дека ваква извозна структура, дека ваква структура на стопанството, за која ќе додадам каква е, создава клима, со која можеме да се фалиме со историски заслуги, со историски буџети. Мислам дека ќе не доведе во ситуација, во која повеќе ќе се исплашиме дека се храбриме со ваквата

ситуација. Овој Парламент треба да каже, јас би сакал премиерот на Македонија да каже, без намера тој да помисли дека со тоа ќе го обвиниме. Не е негова вина што е лоша структурата на македонското стопанство, ниту извозот, меѓутоа, тој треба да каже дека е лоша и да правиме мерки за нејзино подобрување. Таа структура ќе не упатува на соработка со ММФ. Таа структура ќе не упатува на трговски дефицит. Зашто, ние не можеме да живееме без високо технолошките производи, без компјутерскиот софтер кој ќе го увезуваме и понатаму или харвер, ама ќе ни го наплаќаат многу поскапо. Тој трговски дефицит некој ќе треба да го финансира. Ние сами, очигледно не можеме. А, ваквата извозна структура, дозволете да кажам, дека е создадена од една стопанска структура, која е апсолутно од 1990 година наваму изместена по сите основи. И ако дозволиме Буџетот дополнително да ја изместува, да не ја консолидира, ние одиме на лош пат. Во нашата структура има показатели за се. Во нашата структура на домашниот производ, на бруто домашниот производ доминираат услугите. А, тие доминираат во стопанството, ако имаат од 15 до 20 илјади долари по глава на жител. Ние имаме 1800. Стопанства кои имаат 1800 доминираат аграрно или, пред се, индустриска структура, градежништво. Зошто услугите? Затоа што оваа држава и оваа Влада, и претходната и оваа Влада не направија никаков рез со државно финансираните услуги.

Јас не се согласувам дека оваа Влада прави нешто. Јас две години барам од оваа Влада три пратенички прашања имаме поставено, пет пати во дебата. Конечно, сосема случајно, како што обично се случува во животот, попатно најдов податок, кој ми ги отвори очите. Јас, господине претседателе, станав пратеник во оваа држава кога имаше државни, односно кога од Буџетот на Република Македонија 62 илјади вработени добиваа плата. Претходната Влада ја напушти позицијата со некаде 65 илјади вработени. Тој процес не се запира, тоа мора да расте и услугите ќе растат секаде, здравство, образование, култура. Тука финансираме и тие услуги ќе растат. И, бројот на вработените ќе расте но не може да расте несразмерно повеќе од другите дејности.

Оваа Влада упорно одбива да открие колкава е сегашната ситуација со вработените во овие установи.

Конечно, како што бива во животот, дознавме дека поделила над 70 и нешто илјади пакети, наместо К-15 за вработените во државната управа. Ете го податокот. 70 илјади луѓе се вработени и добиваат плата директно од буџетските установи на Република Македонија, зашто и толку пакети поделија. Тие услуги учествуваат со 1/3 во нашата структура и тоа би било одлично кога толку би била и, да речеме, индустријата, која учествува со 20. Таа е целосно депресирана. Таа има структура на највисоко развиените општества во светот, каде што услугите се над 50, индустријата е над 20. Меѓутоа, кај нас, затоа што таа падна, зуслугите ги задржавме. Целосно е изместено. Ние имаме однос ве-ќе на нашата структура, индустрија наспроти земјоделие 2:1. Ние имаме 10, 11, 12% зависно од родноста на годината учество во бруто домашниот производ на земјоделието и 20% на индустријата. Па, односот 2:1 би бил во почетните фази на индустријализација. Не може таа структура да создава во оваа држава вакви намери на Владата, не може да ги храни, не може да ги поттикнува. Мора да биде обратно. Државата да поттикнува нешто друго.

И, во врска со тоа и токму поради тоа, исто така, не би можеле да ја прифатиме оценката дека Буџетот се зголемува, заради тоа што сивата економија во Македонија е веќе омеѓена од Владата. Ги фатила Владата корените на сивата економија, ги пресекла и сега се полни Буџетот. Само за, иако тоа на комисија го зборевме и таму не најдовме повторно заедничко разбирање, меѓутоа имаме секој различни аргументи. Ниеден вид на данок во Република Македонија од планираниот до ребалансот, не е драстично зголемен, освен данокот на додадена вредност, од 6.800 на 12.900, скоро дупло. Сите други даноци се горе - доле во рамките на своите предвидувања, со мал исчекор кај персоналниот данок за 500 милиони. Ако имаме ситуација во која се кастри сивата економија, тогаш ќе покаже и кај царината резултат, исто така, ќе се зголемат. Тие не зголемени. Ќе покаже кај данокот од добивка и тој не е зголемен. Ќе покаже и кај другите увозни давачки и такси, и тие не се зголемени. Што значи дека не е скината сивата економија, само ДЦВ има ефекти на дополнително оданочување на Република Македонија, пред се на граѓаните, понатаму на стопанството и тоа сега го пумпа нашиот Буџет. Од тие услуги на овој данок, не треба да се откажеме, ама од неговиот брат во акцизните стапки, кои го напумпуваат, треба да се откажеме и акцизите мораме да ги намалиме.

Мислам дека Владата ќе го сфати тоа во насока, во која неколку пати нудиме закони, затоа што тие почнуваат да стануваат оптоварување на стандардот на граѓаните во Република Македонија.

И, уште да кажам дека во Македонија сивата економија, а има и студии за тоа направено, не се должи на тоа што белите регистрирани фирми имаат сиви економски активности. Тоа е мал дел и тој може Владата да го фаќа преку даноци. Се должи ка фактот дека не може оваа држава со 330 илјади вработени, а два милиони жители да егзистира на ниво, на кое егзистира, ако ние немаме нерегистрирани сиви економии. Не е проблемот што ние имаме еден фризер кој секој трети муштерија, ја парафразирам и ја правам ситуацијата црно - бело, секој трети муштерија го пријавува дека го ишишал, а другите два парите во џеб без данок. Проблемот е што има диви фризери целосно и што никој не може да ги оданочи, што дома во подрум за комшиите ги прават тие услуги. Што, кај нас голем дел од економскиот живот се одвива без никаква формална регистрација. Тоа не може да се опфати. Ние само некои се регистрираме, а не пријавуваат дел  од приходите од расходите на прометот. Меѓутоа, ние сите знаеме дека секој во Македонија работи плус од онаа работа. Тоа е изворот на сивата економија. Таа нема да се фати, но таа треба да се озакони. За неа треба да дадеме исто така, многу повластици. Подобро да ги опфатиме во статистика, подобро да не плаќаат даноци, затоа што и така не ги плаќаат, да ги опфатиме, да покаже поинакви податоци, отколку така да го толерираме. Но, тоа е тема на друга расправа.

Заради сето ова, да завршам, сакам да го искажам следново, дека не сум до крај уверен дека ефектите, кои сега произлегоа со толкаво драстично зголемување на буџетското зафаќаше, се ефекти на развојот, туку се ефекти на дополнително даночно оптоварување на и онака слабиот стандард и стопанство во Република Македонија. И, тука ќе ставам точка на таа работа.

Второ, нешто што го покренавме и на Комисијата, а сега сакам и формално да го покренам на Собранието, ние имаме централна власт и си имаме свој Буџет, меѓутоа, во оваа држава свои буџети имаат и други единици, други структури. Имено, зборувам за локалните структури. Кај мене е законот, со кој ние ги ограничуваме приходите, значи сепак, на Комисија зборувавме со клучните луѓе од Министерството за расходите, сепак, се работи, како што јас кажав, за приходите, ги оданочуваме приходите и на државата и на локалните самоуправи. Сега државата сме ја ограничиле на 50 милијарди односно изворни приходи 47, сме дошле во позиција од 60-тина милијарди и си правиме ребаланс. И, сакаме да си ги потрошиме тие средства или да ги префрлиме во наредната. А, истата логика кај општините, не ја прифаќаме. Покрај тоа што ние сме надлежни да размислуваме за државните, сме надлежни да размислуваме и за локалните проблеми и нивното финансирање, не за да ние кажуваме што, меѓутоа, ние да го ослободиме клучот, со кој тие ќе се финансираат.

Што се случува со нашата држава и со оваа Влада, доколку било која општина го пробие нивото на средства кое може да ги зафати со Законот за,ограничување на приходите. Владата ќе ги блокира. Ќе ги фатат приходите до нивото кое е остварено. Еве, да земам еден пример од мојата општина, за да не се сфаќа ништо погрешно, Кисела Вода има 25 милиони, ако наплати 35 милиони, државата ќе го блокира, затоа што Законот за изворни приходи е до 25 милиони. Меѓутоа, тоа не важи за нас. Ако ние имаме повеќе приходи, ние си го зголемуваме Буџетот  со ребаланс.

Сакам да покренам иницијатива за наредната година Владата на ист начин да размислува и за градоначалниците и за советите, да им дозволи и тие да си прават ребаланс, вон од овој закон, кој очигледно, го носиме попусто. Го носиме како форма, а кога ќе ги пробиеме буџетите, правиме ребаланс. Тогаш ова ограничување воопшто не ни значи на почеток на годината и подобро да не го носиме и да преговараме со ММФ ако е некаква обврска, воопшто да не се носи. Меѓутоа, да ја примениме логиката и градоначалниците и советите на општините своите локални приходи, а кои ги собираат над ова ниво, да си направат ребаланс, а не да ги ограничиме на нивото на кое ги ограничуваме.

Сакам да завршам со една реченица, која сакам да се сфати најдобронамерно, а тоа е дека денешното обраќање на господинот премиер, сепак, од она што го слушнавме беше под нивото на задачите кои се доверени од страна на државата на вака значајна висока политичка функција во државата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски за учество во расправата.

За збор се јави господинот премиер Љубчо Георгиевски, бидејќи беше многу пати да даде одговори на некои прашања. Повелете.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници точно ќе го искористам правото на реплика. Нормално од повеќе пратеници кои дискутираа бев повикуван, меѓутоа, морав да кажам, сепак ќе се задржам на коментарот на господинот Никола Поповски, при што на самиот почеток морам да укажам на една работа. Навистина, сум повеќе од задоволен што пратеничката група на главната опозициона партија СДСМ, се определи преку својот координатор Никола Поповски да ми ја упати главната критика на она што го изложив утринава.

Навистина се радувам што конечно со младата опозициона партија имам партнер со кој можам да полемизирам со аргументи, а не со етикети.

Утринава кога ви кажав дека имаме 400 милиони марки суфицит во Буџетот, првото од што се плашев е дека ќе излезат некои пратеници од СДСМ каде што во тие 400 милиони марки суфицит ќе го пронајдат крунскиот доход доказ дека оваа Влада е Влада на национално предавство и дека тоа е токму најголемиот доказ дека работиме против интересите на македонската економија. Значи добро е што после подолго време наоѓаме соговорници со кои можеме не да дискутираме по пат на етикети кој е поголем а кој помал патриот, туку навистина аргументирано, барем да се направи обид аргументирано да се критикува она што Владата го нуди. Така што верувам дека тоа е придонес кон новата конструктивна атмосфера меѓу власта и опозицијата која сигурно не само што му треба на овој Парламент туку им треба и на граѓаните на нашата држава.

Еве сега да се задржам малку и на аргументите:

Прво, во поглед на она што ние утринава ви го понудивме како ребаланс на Буџетот, критиките тргнаа во тој правец што и самиот претпоставив во мојот вовед, главната теза дека суфицитот на Буџетот е остварен благодарејќи на новите даноци, новиот товар што оваа Влада го нуди на економијата и на се она што произлегува од тоа ограничување или стопирање на економскиот живот на нашата држава.

И покрај тоа што тука беа употребени повеќе аргументи, јас морам да повторам некои од нив, а некои да додадам.

Прво, фактот што имаме ние разлика од 51% во Буџетот, според 1998-2000 година, морам да кажам дека, за жал, никој сеуште во својата критика аргументирано не можеше тоа да го дообјасни поради тоа што имаме јасни правила, многу децидни моменти од кои неможе да се бега. Од 1998 до 2000 година ниедно правило во економскиот живот не е поместено освен едно. Тоа е ДДВ кое на еден начин е замена на данокот на промет. Значи сите обвинувања дека за ова е крива лошо поставената даночна политика или незнам, дополнителни товари, паѓаат во вода од едноставна причина што аргументите зборуваат дека ниедно друго правило не е поместено освен ДДВ. Сега, во тој правец повторно можеме да кажеме дека ДДВ по својата дефиниција исто така зборува јасно дека тоа не е нов данок во македонската економија, туку тоа едноставно е замена на претходниот данок на промет, замена со која се елиминира сивата економија, односно она што можело да се крие со претходниот данок. Така што мислам дека тука има уште убедувања и економските експерти јасно го одговараат тоа прашање.

Суфицитот, исто така, можеме да кажеме дека се зголемува, благодарение на зголемените приходи од приватизацијата и зголемените приходи од донациите, односно странските донации, при што кај второто зголемените приходи од приватизација, повторно не гледам ништо страшно туку гледам само потврда на она што ние како Влада повеќе време го зборуваме. Имено ќе потсетам во моментот кога ние дојдовме на власт веќе 90% од општествениот капитал беше приватизиран, и тоа беше еден од аргументите каде СДСМ прави реформи, а оваа Влада се зафати само со 10% од останатото да го доприватизира. Сега ако ние сме успеале со тие 10% да оствариме приход кој ќе учествува во суфицитот на Буџетот, јас го поставувам прашањето каде се тие суфицити што требаше да се остварат со 90% приватизираното во претходните години. А конечно што имаме зголемени донации во Буџетот од оваа година е исто така потврда на една наша политика дека оваа Влада нема само морална и политичка поддршка од меѓународната заедница, туку дека има и конкретна поддршка на финансиски план од меѓународната заедница. Тука повторно не гледам ништо

лошо освен потврда дека ние таа меѓународна поддршка и комуникација ја имаме и морално, меѓутоа ја имаме и финансиски.

Меѓутоа, повторно да се вратам околу моментот на товарот на македонската економија.

Што се однесува до лошото планирање на Буџетот, или е рестриктивното планирање на Буџетот, јас ќе понудам уште еден аргумент. Имено, кога зборуваме дека оваа година односно овој ребаланс значи 27% натфрлање на планираниот Буџет, ќе спомнам дека Буџетот кој беше донесен за 2000 година веќе во старт беше програмиран *со* 10% плус. Значи вкупното натфрлање во споредба со 1999 година е 37%. И самото планирање на Буџетот за само 10% за 2000 година, значи минатата година некаде ова време, зборувам дека ние веќе сме го планирале тој голем пораст, и колку повеќе да планираме еден Буџет ако не 10%, што е на нормална гранка. Меѓутоа, да одиме и понатаму во она што се нарекува колку е тој товар на македонската економија. Се споредуваме со 1998 година.

Морам да ви кажам дека остварениот Буџет кој бил во 1998 година, во тоа време учествувал односно бил 40% од бруто националниот доход на нашата економија. Овој Буџет кој ние сега го донесуваме со ребалансот ќе биде 36% од бруто националниот доход на македонската економија. Тоа е одговорот дали имаме ние нов товар на македонската економија односно дали висината на Буџетот е нов товар, или напротив е олеснување во вкупната економија. Фактот што за 4% е пониско учеството на Буџетот во националната економија, јасно зборува дека неможе да стане збор за ново ограничување односно, за нов товар за македонската економија. И плус на тоа, јас уште еднаш ќе ви повторам податоците што ги кажав на самиот почеток дека овој суфицит на македонскиот Буџет од 400 милиони ДМ се остварува во една општа атмосфера на бројки, кои можеме навистина да ги наречеме како историски и само ќе ги повторам, скоро дуплирање на државните девизни на РМ и со елиминација на надворешниот долг од 155 милиони долари минатата година, 122 милиони долари досега, а до крајот на годината 200 милиони долари. Не само што тоа што нема да земеме нови задолжувања, туку напротив и сме го намалиле вкупното задолжување од она што го имавме во 1998 година.

Конечно во тој правец јас уште еднаш ќе го спомнам моментот дека во златните години на СДСМ кога државата постојано била со буџетски дефицит, ние го имаме зголемено надворешниот долг на нашата држава некаде за 20% во севкупниот национален доход на РМ. Така што сите тие бројки односно сите тие оспорувања кои сака да се наметнат дека суфицитот се должи на товарот, мислам дека многу аргументирано и многу лесно паѓа во вода, ако некој сака да ги виде главните аргументи. Основниот параметар преку кој можете да ја мерите таа рамка е фактот: Буџетот 1998 година, Буџетот 2000 година, без нов товар, без нов данок, освен данокот на ДДВ, а имаме 51% зголемување на Буџетот. Значи одговорот е многу јасен. Или тој суфицит е благодарејќи на цврстата елиминација на сивата економија, или, конечно морате да признаете дека во оваа држава се случува се случува сериозен пораст на економијата, она што го зборува македонската статистика над 10% пораст на бруто националниот доход, што сега го гледаме преку суфицитот кој го делиме денеска.

Во тој правец на реплика ќе се задржам само на еден друг елемент, тоа е трговскиот дефицит кој не е директно врзан со нашата денешна тема, меѓутоа бидејќи неколку пати беше спомнат како проблем во македонската економија. Јас ќе се согласам дека трговскиот дефицит за секоја држава е проблем кој треба да се елиминира. Меѓутоа, повторно морам да ви спомнам една работа. Независно од номиналните бројки што ги гледате како пораст, како номинални бројки, трговскиот дефицит што го имаме во оваа година е 7% од, повторно, бруто националниот доход, а трговскиот дефицит кој што сме го имале во 1998 година е 8% од бруто националниот доход. Значи независно од номиналните бројќи што ги гледате, споредено во рамките на бруто националниот доход повторно имаме намалување на трговскиот дефицит. И конечно она што е доброто во споредба со 1998 година, инаку во принцип тука неможеме да зборуваме за добро е во фактот што трговскиот дефицит оваа година што го имаме е познат, дефиниран во светската економска пракса. Тоа се нарекува феноменот на слатки солзи. Кој е тој феномен:

Се случува трговски дефицит меѓутоа не на сметка на задолжување и не на сметка на јадење на девизите во државните резерви. Ние токму тоа во овој момент го имаме во РМ. Факт е, кој не го негираме, дека континуитетот кој 10 години присутен во македонската економија,

трговски дефицит е присутен и оваа година, меѓутоа можеме слободно да кажеме дека се вградува во феноменот кој пред малку го спомнав, слатки солзи, солзи затоа што е дефицит, меѓутоа сладок затоа што се остварува на база на нова структура односно се изразува благодарејќи на она што можеме јасно да го видиме, имаме трговски дефицит, меѓутоа немаме ново странско задолжување, за што пред малку зборував и не благодарејќи на подјадување на државните резерви кои не само што не се подјадуваат, туку едноставно драстично растат. Така што ако ги земеме и тие девизи што влегуваат во трговскиот дефицит и заедно ги споредиме со странските плаќања за овие две години и порастот на девизните резерви, само можеме да потврдиме колку девизниот прилив во оваа држава е сериозен и колку сериозно девизите во РМ во овој момент не претставуваат проблем, ниту за економијата, ниту за државата, туку едноставно претставуваат една нормална атмосфера во која македонската економија многу комотно плива и се снаоѓа. Еве тоа се тие контра аргументи.

И уште еднаш, задржувајќи се на она што го кажав на почетокот многу сум задоволен што конечно СДСМ не добиваме етикети, туку добиваме аргументирана критика на која верувам ќе ги прифатите и аргументираните одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот премиер за учество во расправата.

За реплика се јавува господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, јас го повикувам господинот премиер, кога се заблагодарува на СДСМ на начинот на кој комуницира, он исто така да го практикува неговиот начин на комуницирање, сходен на моето излагање, затоа што вчера во една негова изјава многу го повреди СДСМ со тема која не е блиска на Буџетот. Така да го повикувам и он да го прилагоди речникот на новиот стил кој сака да го прикаже.

Господа пратеници, господине премиер, не е моја работа да реплицирам со премиер, особено најмалку во Собранието, сакам да укажам на следното.

Прво, јас незнам колку, меѓутоа, мислам дека долго образлагав зошто мислам дека ситуацијата во РМ не е розова. Сега ако би сакал да го докажам истото треба да го повторам тоа. Очигледно е апсурдно.

На пример господинот премиер кажува дека има многу приходи од приватизацијата, кои порано не постоеле на таков начин. Меѓутоа има и многу расходи од приватизацијата овој Буџет и ова Собрание.

На пример, во изминатата година ние влеговме во продажба приватизација на Стопанска банка која се продаде, сега не памтам, за една ноќе неможеме да се подготвиме и затоа овие итни дебати се чудни, некаде околу 80-90 милиони марки на грчкиот партнер. Меѓутоа, во исто време, да не заборавиме дека ова Собрание донесе закон со кој ги презеде лошите пласмани или ненаплативите пласмани на Стопанска банка, на товарот на Буџетот на РМ, во висина од 220 милиони ДМ, од приватизацијата на Стопанска банка за која ние гласавме. Ние добивме во државата пари на приходната страна, ама на расходната сега ќе добиваме долго време. Првиот доказ е овој Буџет во кој се предвидени 31,1 милион ДМ, или 1 милијарда денари обврски кои треба да ги плати државата со овој Буџет ребалансиран за обврзниците кои ги издаде врз основа на законот за покривање на лошите пласмани на Стопанска банка. Значи имаме многу и расходна сметка во истиот проблем, затоа неможам да прифатам такво образложение. Меѓутоа, бидејќи е реплика минутажата не дозволува сега да се зборува.

Господинот премиер прво ги меша трговскиот и платниот биланс и тука мислам дека нема да можеме никогаш да се договориме затоа што он зборува за различно, а јас сум уверен во тоа што го зборува и мислам дека нема потреба за тоа да се уверуваме. Прво, не треба да се мешаат трговскиот и платниот биланс на државата.

Меѓутоа, ако Буџетот на Македонија од 1998 до 2000 година пораснал за 50%, за да остане иста структура на учество на Буџетот во бруто домашниот производ, тогаш треба толку да порасне и бруто домашниот производ, а тој расте со стапки од 2 до 5%. Невозможно е две појави во математичка рамнотежа од создавањето, едната да расте со 50, а другата со 5% и на крај да има исто учество. Тоа е невозможно. Тоа математички е апсурдно, незнам зошто на тоа инсистира премиерот. И второ, премиерот мора да знае дека Буџетот не учествува со 38%. Со 38% учествува јавната потрошувачка на РМ, вкупно во која покрај Буџетот се буџетите на фондовите во кои пензискиот фонд е сериозен, здравствениот фонд итн., и дека во вкупната потрошувачка од 75 милијарди за оваа година јавна потрошувачка, Буџетот бил само 46, нешто над половината. Значи 38 е за вкупната јавна потрошувачка, а не

за Буџетот. Доколку би сакал таквите математики да ги прави не треба да ја гледа јавната потрошувачка во ЦДП, туку треба да го гледа Буџетот во ЦДП, затоа што тоа он не ги соопштува податоците што единиците на локална самоуправа, за пензискиот фонд за здравствениот фонд, за фондот за вработување и фондот за патишта. Меѓутоа, тоа се теми за кои треба подолго време да се расправаме. Мислам дека остануваме на различни позиции за кои, за жал неможеме денеска да се договориме.

**САМО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски за дообјаснувањето.

Продолжуваме со расправата. Има збор пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, денес ни е тема Предлог за донесување, за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година, по итна постапка, тема за која што Собранието е најповиканиот орган во државата и конечно Собранието на Република Македонија да помине во основната дејност, она што го очекуваат граѓаните на Република Македонија. Денес ќе го кажам своето мислење по однос на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година, воедно и ставот на Демократска алтернатива за изјаснувањето по овој предлог.

Терминот за доставувањето на предлогот односно документацијата од која што можеме да го согледаме овој предлог навистина е многу краток за да би можело поопстојно да се обработи оваа материја, која што е навистина од сериозно значење за Република Македонија. Со сериозно внимание се следи оваа проблематика и од граѓаните на Република Македонија, да го согледа начинот на трошењето на средствата кои се собираат од граѓаните на Република Македонија и стопанството на Република Македонија.

Дискутираме по темата и за прв пат се среќаваме со Ребаланс на Буџет односно се појавува суфицит во Буџетот на Република Македонија. Оваа пракса не била до денес, меѓутоа има свои слабости, не подеднакво можеби како што е дифицитот во Буџетот, меѓутоа исто така и суфицитот доколку е со една висока стапка доведува до испумпување на средствата од стопанските субјекти и од граѓаните на Република Македонија. Затоа колку и да кажуваме за одредени мерки кои би требало да се преземат основен е предлогот дека треба да се следи еден балансиран Буџет кој не дозволува драстично појавување на суфицит или дефицит во Буџетот.

Изворите на средствата во Буџетот се посебно јасни, дефинирани и проектирани на почетокот на годината, меѓутоа со воведувањето на ДДВ, што е позитивна мерка донесена од Владата на Република Македонија, меѓутоа и во тоа време Демократска алтернатива поднесе предлог за намалување на даночната стапка кај акцизните стапки. Образложението на Владата беше дека во месец септември ќе се изанализираат резултатите од ДДВ и ќе се корегираат стапките селективно кај оние производи односно кај оние стоки кои што двојно се оданочуваат.

Висината на ДДВ кај земјоделските производи навистина е голема и не станува збор земјоделските комбинати и производителите на вештачки ѓубрива, како и производителите на пестициди да можат да сметаат на инвестирање и продажба на тие производи. ДДВ во секој случај го плаќа крајниот потрошувач односно земјоделецот, поради што земјоделците оваа година не знам дали ќе имаат можност ѓубривата да ги фрлаат на нивите. Во тој дел наидовме на разбирање кај Владата на Република Македонија, се преземаат активности за решавање на проблемот со ѓубривата и мислам дека на некој начин тоа ќе се реши.

Сметам дека висината од 27% пробивање на планот на Буџетот е навистина висока и навремено треба да се елиминираат овие проблеми што се појавуваат.

Во распределбата на вишокот што се појавува во Буџетот воглавно е дадено предлог за распределба на средствата во борба против сиромаштијата, старите штедни влогови, 8% за пензионерите, исплатата итн., и еден сосема мал дел во стопанството на Република Македонија, кој што се надевам дека во наредниот период ќе биде целосно распореден во стопанските субјекти односно во економијата на Република Македонија и во развојните програми на претпријатијата, за да можат повторно истите тие со зголемена продукција да овозможат и зафаќањата на државата да се реализираат.

Да го кажам и ставот на Демократската алтернатива по однос на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година.

Ќе гласаме за прифаќање односно за усвојување на предлогот со препораки вишоците од Буџетот до крајот на годината навистина да бидат дадени во инвестиции односно во развојни елементи во стопанството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Чедо Петров за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, јас би сакал колку што е можно накратко да дадам некои видувања во врска со точката на дневен ред. Јас би сакал Ребалансот да го гледам од два аспекта. Првиот е како е дојдено до овој вишок, суфицит во Буџетот на Република Македонија и вториот аспект - ефектите кои што произлегуваат од тие вишоци.

Ако ги анализираме главните виновници за овој суфицит, но пред тоа да нагласам дека ќе се обидам да анализирам без да имам некоја посебна цел, да добивам политички поени со цел да дојдеме до доста интересни податоци.

Значи, најнапред за првиот аспект, а тоа е како е дојдено до суфицитот. Имаме три ставки по кои имаме зголемување на Буџетот и тоа: воведувањето на ДДВ, приходи од приватизација и различни донации.

Премиерот на Република Македонија, г. Љубчо Георгиевски ја спомена борбата со сивата економија, меѓутоа јас би сакал во тој контекст, а и во контекст на одредени претходни дискутанти, па и во контекст на една општо организирана кампања која што се водеше при воведувањето на ДДВ да дадам некои мои видувања.

Најнапред би сакал да се потсетиме на сето она што беше претходен даночен систем односно претходен данок на промет. Данокот на промет беше 25%, а ДДВ е 19%. Меѓутоа, би сакал да кажам за тоа како функционираше данокот на промет и да ја дадам поврзаноста на претходниот данок на промет со берберниците што ги споменуваше г. Никола Поповски. Јас ќе дадам конкретни примери.

Данокот на промет функционираше на таков начин што производителот имаше право со одредени обрасци, мислам дека беа изјави да каже дека робата му треба за репродукција и врз основа на тој документ, кој што се набавуваше во секоја книжарница да биде ослободен од данок. Како ова функционираше во практиката?

Јас ќе кажам само еден пример кој што не е поврзан со шишањето на мали деца и берберници во подруми, туку е поврзан со функционирањето на градежните материјали во Република Македонија. Бидејќи кај мене има фабрика за градежни материјали ќе ви кажам како функционираше претходниот данок во тој дел. Имавме одредени цени на готови производи од фирмата и одредени цени од разни накупци, кои што во не мала мера се разликуваат. Инаку, повисока беше цената во фабрика отколку кај прекупците. Што се случуваше? Можеше некој да регистрира фирма, градежна задруга или нешто слично, врз основа на таков документ да земе градежен материјал без да плати данок и потоа истиот да го препродава на најразлични физички лица, нормално неоданочен со таа разлика што тој си ставаше свој данок. Значи, граѓанинот и тогаш и сега си ги плаќа даноците. Основната разлика што ДДВ ја има компарирано со претходниот данок е тоа што данокот на промет, даноците кои што граѓаните си ги плаќаа одеа на сметка во приватни џебови. Само на тој начин можеме да ги објасните сите збогатувања за месец два или година, кој што за разлика од една западна земја каде што нормално функционира еден таков систем се практично невозможни. Тоа е само еден дел кој што функционираше можеби во сите делови.

Загубите што се правеа, или сивата економија која што доста долг период од претходната власт се протежираше дека е потребна на државата, но таа беше потребна на поединци за создавање на богатство. Со ДДВ се воспоставува еден сосема нов систем. ДДВ прв пат не е воведен во Република Македонија, тој функционира во западните земји и со години е најнормално нешто. Меѓутоа, што е она што е интересното со ДДВ?

Тој и тогаш и сега, многу малку се говореше за тоа дека сам по себе е финансиски полицаец. За разлика од

претходниот систем, ако се сакаше да функционира како што треба и ако ја тргнеме компонентата совест на производителот, од причини што ја сака сопствената држава треба да плаќа данок и ако тој момент го тргнеме на страна требаше на секој производител да има по еден финансиски инспектор за да се спречат различните малверзации, што во пракса е невозможно. Со ДДВ се прави еден сосема нов систем во кој што на производителот му е поевтино да плати ДДВ отколку да неплати ДДВ. Јас би сакал само накратко да дадам кратко образложение за ова што го кажувам.

За било кој производ да биде произведен потребен е влез на повеќе суровини. Со ДДВ за сите суровини се плаќа 19%, меѓутоа во моментот кога тој производ ќе биде пуштен во продажба од страна на производителот како готов производ, производителот врз основа на излезната документација има право на поврақај на данокот што го платил на влезот. Тоа е суштината.

Овде би сакал само да кажам за она што беше 2-3 пати споменувано дека стопанството не плаќа ДДВ на бензините. Значи, стопанството има право на одлив на ДДВ на нафтените деривати и на бензините. Тука не би сакал да има двосмисленост. Значи, јасна е поврзаноста помеѓу она што г. Поповски го говореше 8 милиона или 8 милијарди не знам, и со бројката која што сега е соберена.

Претходно граѓаните плаќаа данок, меѓутоа данокот што тие го плаќаа не одеше во касата на државата, одеше во џебовите на одреден број лица и така се создаваа поединци со екстремно голема финансиска моќ. Тоа е првата работа.

Инаку, да се лажеме дека сивата економија е во некакви простории со спуштени ролетни каде што свети слаба сијалица и некој шиша мали деца за пари, мислам дека е невкусно да се говори барем во овој Парламент. Значи, дали некој сака или не, Република Македонија тргнува по патот по кој што веќе одамна одат европските земји.

Следната работа што се јавува во овој суфицит, се приходите од приватизацијата. За тоа беше дискутирано, но јас само би констатирал дека сме веќе отворени спрема странски капитал и бидејќи овие приходи се од оваа година верувам дека и следната година ќе продолжи трендот на полнење на Буџетот по основ на приходи од приватизација.

Околу донациите би се надоврзал на еден од претходните дискутанти кој рече дека треба да им се заблагодариме на тие што ни дале донации. Јас апсолутно се согласувам и би сакал да додадам дека треба да се заблагодариме и на оние кои што ги побарале донациите. Значи, тоа се две работи.

Сега би сакал да кажам нешто за вториот аспект при разгледување на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година. Јас не би ги коментирал поединечно стапките каде ќе се трошат овие пари, бидејќи беа доста јасно и прецизно кажани, но би изразил жалење што голем дел од овие средства мора да одат за враќање на стари долгови. Меѓутоа, најважно е што Република Македонија конечно тргнува кон здрава економија. Колку и да се спротивставува опозицијата на таквото гледање тоа е факт и како што говоревме за Законот за ДДВ некаде во март месец дека ќе даде резултати така и се ова што сега се прави пак ќе даде резултати и од тие причини нема потреба од страв дека трендот на економски раст оди надолу. Тоа се факти и околу тоа не би сакал да дискутирам.

Јас би сакал само накратко, бидејќи се отвори едно прашање, за кое мислев дека е затворено, а тоа е "Бранковиот закон". Мислев искрено дека е затворено прашањето со тој закон, бидејќи т.н. "Бранков закон" е една класична економска утопија.

Жал ми е што г. Поповски не е овде, но би кажал пример од практиката. За пример би земал две колонијални продавници, од која едната во времето кога се носеше "Бранковиот закон", работи со двајца вработени, двајца продавачи и двајцата се осигурени по нормалниот закон и веднаш до него се отвора нова колинијална продавница во која двајцата вработени се по "Бранковиот закон". Тој што си ги плаќа даноците е во далеку понезавидна ситуација од оној што не ги плаќа. Така се создава една голема нелојална конкуренција во која што економијата може се да прави, ама да напредува во никој случај. Затоа јас апсолутно го оправдувам она што Владата го направи и сметам дека со такви "Бранкови закони" можеме да станеме само како "Бранкови", ништо повеќе од тоа.

Исто така, сега би сакал да кажам нешто во контекст на "Бранковиот закон"

и на зголемување на вработеноста и што произлегува од Ребалансот на Буџетот.

Доколку продолжи ваквиот тренд на собирање на даноците од една страна ќе имаме можност за намалување на одредени давачки од друга страна. Овде беше обелоденето дека е можно да дојде до намалување на персоналниот данок. Тоа е единствениот начин кој што е природен начин и кој што е единствено можен начин и ќе важи за сите во државата, не за левата колонијална продавница, за десната да не важи, ќе важи за сите е намалувањето на персоналниот данок и создавање на позитивна клима. Значи, од една страна го растоваруваме сопственикот со тоа што ќе плаќа помалку давачки, отвораме можности за сметка на тие давачки да дојде до зголемување на личниот доход и за затворање на проблемот со црните вработувања. Барам, затворање во разумни рамки. Факт е дека со тој фамозен "Бранков закон" во најголема мера се реализираа токму тие црни вработувања, меѓутоа сега би инсистирал доколку дојде до намалување на персоналните даноци, бидејќи Македонија во секој случај е мала земја, се направи акција во која што сите вработувања црни ќе бидат легализирани, а оправдувањето е секако намалувањето на давачките и на трошокот на стопанственикот. Значи. на овој начин помагаме и на стопанството, генерално на сите, меѓутоа и на граѓаните со тоа што ќе се создадат услови црните вработувања да бидат сведени во разумни граници, бидејќи колку и да се трудиме секогаш ќе постојат одредени црни вработувања, како што постојат во цел свет, меѓутоа не во таков размер како кај нас.

Сосема на крај би сакал да дадам еден коментар на една изјава, бидејќи некако ми дојде многу неочекувана. Тоа беше споменувањето на долговите на Стопанска банка и жал дека одат средства таму. Значи, имаме пари од приватизација и трошок од приватизација. Зошто реков дека сум изненаден од една таква изјава?

Навистина ниту е фер ниту е во ред да споменуваш долг, кој што долг е направен во времето на владеењето на сопствената партија и кој што долг е направен токму од пласмани кои што никогаш нема да бидат вратени назад. Значи, си направил долг, си дал пари на некоја фирма, таа фирма пропаднала и сега жалиш што парите биле дадени или затоа што било направено трошок од приватизацијата. Сметам дека таков начин на однесување на држи и во иднина треба да се внимава за таквите изјави.

За таквите лоши пласмани да потсетам дека ние донесовме дел од законската регулатива. Тоа се измените на законите за хипотека, извршна постапка, кои што се надевам најискрено дека во иднина ќе го намалат на прифатливо ниво процентот на лошите пласмани, а од друга страна ќе доведе до намалување на каматните стапки и до општ економски развој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Горанчо Трајков.

Дами и господа пратеници, имаме пријавено повеќе од десет дискутанти. Тоа е навистина многу. Јас би предложил, бидејќи работиме нон стоп пет дена, многу сме заморени, а и викенд е, расправата да ја продолжиме во понеделник во 11,00 часот со овие пријавени дискутанти.

Молам, пред да ја прекинеме седницата да притиснеме на едно од копчињата за гласање за да видиме кој е тука.

Пратениците притискаат на едно од копчињата.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).